Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка 1000
Скопје

| ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА |
| --- |
| |

| Податоци за високообразовната установа | |
| --- | --- |
| Назив | Американски универзитет на Европа – ФОН<br>Факултет за дизајн и мултимедија |
| Седиште | ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје |
| Контакт информации | info@fon.edu.mk тел. 070 345 999 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. м-р Милош Милосављевиќ<br>milosh.milosavljevic@fon.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Марија Ветероска<br>marija.veteroska@fon.edu.mk |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☒ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2022/2023 и 2023/2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | 22-272/3, 07.03.2025 |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | НЕ |

Скопје, 25.04.2025 МП Овластено лице на установата
проф. м-р Милош Милосављевиќ
(потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува на англиски јазик. Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет не треба да биде подолго од една страница по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години. Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација. Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува едноставно користење на опциите за пребарување. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Американски универзитет на Европа – ФОН<br>Факултет за дизајн и мултимедија |
| Седиште | ул. Киро Глигоров 5, 1000 Скопје |
| Веб страница | https://aue.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Мисија:<br>Целта на Факултетот за дизајн и мултимедија е да подготвува дипломирани дизајнери во областите: графички дизајн, мултимедија и моден дизајн. Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија овозможуваат изведување на современа и квалитетна настава со примарна цел: подготовката на студентите за успешна кариера во комплетна образовна, уметничка и научно-истражувачка средина. Мисијата на Факултетот за дизајн и мултимедија е инклузивно да ги едуцира студентите со дизајнерски вештини, преку кој тие, со својата креативна професионална работа, ќе креираат, разменуваат и пренесуваат естетско издржани функционални идеи.<br>Пристапот на Факултетот за дизајн и мултимедија кон наставата е индивидуален, практичен и апликативен, со што се поттикнува индивидуалниот креативен потенцијал на студентите. Дизајнот и мултимедијата, во својата суштина, се поврзани со уметничките вештини и знаења, ја интегрираат теоријата и практиката и, како такви, директно придонесуваат за квалитетот на секојдневниот живот и ги исполнуваат предизвиците на 21-от век. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: приватна непрофитна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Последната акредитација на студиски програми, кои се активни во периодот на известување, е изведена во 2022 година. Акредитирани се 3 програми на прв циклус академски студии, 4 програми на втори циклус стручни и 4 програми на втор циклус академски студии.<br>Студиски програми на прв циклус академски студии:<br>- Графички дизајн<br>- Мултимедија<br>- Моден дизајн<br><br>Студиски програми на втор циклус стручни студии:<br>- Графички дизајн<br>- Мултимедија<br>- Моден дизајн<br>- Дизајн на архитектонски простор<br><br>Студиски програми на втор циклус академски студии:<br>- Графички дизајн<br>- Мултимедија<br>- Моден дизајн<br>- Дизајн на архитектонски простор |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Вкупно:<br>Редовни професори - 5<br>Вонредни професори - 2<br>Доценти - 5 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Во академската 2023/24 запишани се следниов број на студенти: |

| | |
|---|---|
| | прв циклус академски студии: 283<br><br>втор циклус стручни студии: 5<br><br>втор циклус академски студии: 6 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултетот за дизајн и мултимедија е основан 2008 година, како единица на ФОН Универзитетот. Со одлука на основачот бр. 03/001 на ден 17.06.2008 е формирана матичната комисија на Факултетот за дизајн и мултимедија, а првата седница на матичната комисија е одржана на 18.06.2008 година.<br>Факултетот за дизајн и мултимедија како дел од ФОН Универзитетот е акредитиран со решение на Одборот за акредитација на високото образование Сл.12 од 26.02.2008, а решение за почеток со работа од Министерство за образование и наука бр. 12-5359/4 од 13.11.2008 година.<br>Низ годините на работење, интересот за студирање на студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија расте. Тоа се должи на зголемениот интерес на новите генерации за работа во креативните индустрии, зголемената потреба во индустријата за обучен кадар од областа на дизајнот, но и поради апликативната природа на областа на дизајнот и видливоста на резултатите од едукативниот процес прикажани на годишните изложби, учество и награди на државни конкурси на студентите и сл. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Во наставниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија се практикуваат и традиционалните техники, и современите дигитални алатки, со што се обезбедуваат оптимални услови за работа и креативен развој на студентите. Просторниот капацитет на факултетот вклучува специјализирани ателјеа и лаборатории: ателје за сликање и цртање, предавална, ателје за моден дизајн, како и две компјутерски лаборатории (PC).<br>Наставните простории се опремени со штафелаи, модни кукли, маси за цртање и кроење, компјутери, проектори и други неопходни алатки за настава и практична работа. Практичната настава зазема клучна улога во образовниот процес, овозможувајќи им на студентите активно учество во реални проекти и нивна успешна реализација. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Најголем напредок е постигнат во стандардот 2 и 5:<br>Во однос на стандардот 2 студиски програми:<br>-во извештајниот период акредитирани се вкупно 11 студиски програми на Факултетот за дизајн и мултимедија (на прв циклус академски, втор циклус стручни и втор циклус академски студии).<br>Сите студиски програми на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН се креирани врз основа на постојано следење и анализа на современите потреби на општеството и креативната индустрија, како и на глобалните текови во областа на дизајнот, визуелната комуникација и мултимедијата. Програмите се усогласени со актуелните предизвици како што се технолошкиот развој, дигитализацијата и иновациите, и се во чекор со најновите тенденции во меѓународното високо образование во областа на дизајнот. Целта е да се подготват студенти кои се целосно компетентни да одговорат на барањата на македонската и меѓународната креативна сцена, да се вклучат во културниот и медиумскиот сектор, како и да преземаат и водат дизајнерски и мултимедијални проекти со значење за општествениот и културниот развој.<br><br>Во однос на стандардот 5 - Наставен кадар:<br>- Наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија е активно вклучен во креативната и професионалната сцена, со учество на бројни изложби, фестивали и проекти, како во земјата така и на |

| | |
|---|---|
| | меѓународно ниво. Преку својата авторска и применета работа, професорите придонесуваат за развојот на современиот дизајн, визуелните уметности и мултимедијалната продукција. Овие активности се рефлектираат и во наставниот процес, овозможувајќи студентите директен контакт со релевантни, актуелни и практични искуства од професионалната пракса. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | - неповолни демографски трендови во земјата;<br>- неповолни миграциски движења, особено нагласени кај младите луѓе;<br>- засилена промоција на странски универзитети за привлекување на македонски студенти;<br>- недоволна застапеност на приватните универзитети во креирањето на образовните политики и законодавство;<br>- недоволна искористеност на постојните меѓународни договори за соработка за конкретни активности (мобилност на вработени и студенти, заеднички проекти, истражувања или организирање на заеднички или франшизни студии);<br>- отсуство на атрактивни програми за професионално и доживотно образование наменети за обуки и тренинзи на вработени;<br>- заминување и недостиг на квалификуван кадар по одредени области |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.</td><td>Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за дизајн и мултимедија во рамките на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, активно го следи квалитетот на наставниот и уметничко-истражувачкиот процес.<br>Со одлука на Ректорската управа, бр. 08-464/3 од 15.03.2022 формирана е Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет. (Прилог 1.1.А)<br>Комисијата има подготвено Правилник за обезбедување квалитет на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (Прилог 1.1.Б), Политика за обезбедување на квалитет (Прилог 1.1.В) и Стратегија за обезбедување на квалитет (Прилог 1.1.Г) Со нив се уредува целта, намената, принципите, подрачјата, како и структурата и делувањето на системот за обезбедување квалитет на Американскиот универзитет на Европа - ФОН. Овие три документи се јавно достапни на веб страната на Универзитетот (линк).<br>Квалитетот на наставата континуирано се следи преку редовни студентски анкети кои се спроведуваат на крајот на секој семестар, во кои студентите даваат повратни информации за наставниот процес и наставниот кадар за секој наставен предмет засебно. Резултатите од анкетите, се користат за подобрување на наставата. Овие податоци се користат и за ревизија на студиските програми пред нова акредитација, со цел усогласување со современите трендови и потребите на индустријата.<br>Покрај анкетите, факултетот врши анализа на успешноста на студентите во текот на студиите, при што се идентификуваат предизвиците со кои се соочуваат и се предлагаат конкретни чекори за нивно надминување. Овие активности се во функција на континуирано унапредување на наставата, со цел подготовка на студентите за успешна професионална кариера во областа на дизајнот и мултимедијата.<br>Деканот на Факултетот секоја година поднесува и Извештај за работата, кој се разгледува од страна на Наставно-научниот и уметнички совет (Прилози 1.1.Д – 1.1.З)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 1.1.А Одлука за формирање на Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет<br>Прилог 1.1.Б Правилник за обезбедување на квалитет (линк до веб)<br>Прилог 1.1.В Политика за обезбедување на квалитет (линк до веб)<br>Прилог 1.1.Г Стратегија за обезбедување на квалитет (линк до веб)<br>Прилог 1.1.Д Извештај за работата на деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија 2023/24<br>Прилог 1.1.Ѓ Извештај за работата на деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија 2022/23<br>Прилог 1.1.Е Извештај за работата на деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија 2021/22<br>Прилог 1.1.Ж Извештај за работата на деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија 2020/21<br>Прилог 1.1.З Извештај за работата на деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија 2019/20</td></tr>
<tr><td>1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.</td><td>Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.</td></tr>
</table>

Факултетот активно ги вклучува студентите во процесот на проценка и подобрување на квалитетот на наставниот процес, преку анкети кои се спроведуваат двапати годишно, пред крајот на зимскиот и пред крајот на летниот семестар. Студентите одговараат на прашалниците за сите задолжителни и изборни предмети од тековниот семестар, и се однесува на наставата и на работата на наставниот кадар. За секој наставен предмет посебно се пресметува средна оцена за секое прашање. Оценувањето е од 1 (незадоволителен) до 5 (одличен), а опцијата Не знам е поставена во анкетата која електронски се спроведуваше во неколку циклуси на самоевалуација. Анкетниот прашалник е даден во Прилог 1.2.А.
Во зимскиот семестар 2022/23 и летниот семестар 2023/24 анкетните прашалници беа спроведени во материјална форма, а во летниот семестар 2022/23 и зимскиот семестар 2023/24, анкетите беа спроведени онлајн, преку студентскиот портал на АУЕ ФОН, при што пополнувањето на прашалникот беше задолжително. Дигитализацијата на анкетниот процес значајно го зголеми бројот на одговорени анкети, а и анализата на резултатите е поефикасна. Се очекува следните анкети да се спроведуваат дигитално.
Деталните пресметки од анкетните прашалници за зимски и летен семестар од академските 2022/23 и 2023/24 се дадени во Прилозите 1.2.Б – 1.2.Д.

Просечната оценка по сите анкетни прашања за сите предмети за 2022/23 е 4,71, а за 2023/24 е 4,68.
Оцена по прашање за 2022/23: 4,63 - Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата, 4,73 - Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето, 4,79 - Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен, 4,71 - Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата, 4,68 - Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации, 4,72 - Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна, 4,77 - Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите, 4,68 - Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. За 2022/23 обработени се вкупно: 993 анкетни прашалници.

Оценка по анкетно прашање за 2023/24: 4,55 - Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата, 4,67 - Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето, 4,75 - Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен, 4,65 - Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата, 4,65 - Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации, 4,72 - Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна, 4,75 - Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите, 4,69 - Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. За 2023/24 обработени се вкупно: 1275 анкетни прашалници.
Може да се констатира дека нема некои големи осцилации во оценувањето на наставниот процес. Во овие две години најниска оценка е добиена во 2023/24 на прашањето: Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата 4,55, а највисока е оценката во 2022/23 на прашањето: Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен 4,79.

Прилози
Прилог 1.2.А Содржина на анкетен прашалник
Прилог 1.2.Б Резултати од студентска анкета зимски семестар 2022/23
Прилог 1.2.В Резултати од студентска анкета летен семестар 2022/23
Прилог 1.2.Г Резултати од студентска анкета зимски семестар 2023/24
Прилог 1.2.Д Резултати од студентска анкета летен семестар 2023/24

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

| | |
|---|---|
| Управата е посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Деканот и наставниот кадар се во постојана комуникација со студентите, со достапност секој работен ден во просториите на универзитетот, како и комуникација по електронска пошта и платформата Teams. Постои отвореност во дискусија за предлози и надминување на пречки во процесот на наставата. Студентите се континуирано вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес и преку одговорите на анкетните прашања.<br>Факултетот има избрано членови на Одборот за соработка и доверба со јавноста (Прилог 1.3.А). Тие учествуваат со свое мислење во процесот на акредитација/реакредитација на студиските програми (Прилог 1.3.Б). | |
| Прилози:<br>Прилог 1.3.А Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста на Факултетот за дизајн и мултимедија<br>Прилог 1.3.Б Мислења на Одборот за соработка и доверба со јавноста за акредитација на студиските програми во 2022 | |
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Во рамките на Американскиот универзитет на Европа – ФОН делува Комисијата за развој и имплементација на политика за квалитет. Во Прилог 1.4.А е дадена Одлуката за формирање на Комисијата.<br>Комисијата како главна активност ја имаше подготовката на Правилникот, политиката и стратегијата за квалитет, кои беа усвоени на Сенатот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (Прилози 1.1.Б – 1.1.Г).<br>Во рамките на Факултетот континуирано функционира Комисијата за самоевалуација. Комисијата годишно го известува Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за резултатите од спроведените анкети со студентите, а изготвува целосен извештај за состојбите и спроведените политики за обезбедување на квалитет во интервал од не подолг од три години. Одлуката за избор на членови на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија е даден во прилог 1.4.Б. | |
| Прилози:<br>Прилог 1.4.А Одлука за формирање на комисија за развој и имплементација на политика за квалитет<br>Прилог 1.4.Б Одлука за избор на членови во Комисија за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија | |
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Факултетот за дизајн и мултимедија континуирано ги следи информациите кои произлегуваат од анкетните листови кои студентите ги пополнуваат на крајот од секој семестар и статистичките информации, со цел проценка и унапредување на наставниот процес. Комисијата за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија редовно го известува кадарот на Факултетот за оценките и коментарите од спроведените анкети (Прилозите 1.2.Б до 1.2.Д се дадени во индикаторот 1.2), додека пак комплетен Извештај за самоевалуација доставува секои три години. Во Прилог 1.5.А е даден Извештајот за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија за периодот 2018/19 до 2020/21, а во Прилог 1.5.Б е даден Извештајот за периодот од 2021/22 до 2023/24. Последниот извештај е направен според образецот кој бил во употреба на почетокот на извештајниот период. Поради тоа има преклопување на обработката на податоците во овој извештај направен според Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност од 6.07.2022 (Прилог 1.5.В).<br>Досега не е изготвен акциски план врз база на самоевалуациите, и даваме препорака тоа во иднина да се примени.<br>Извештаите за самоевалуација јавно се објавуваат на веб страната на факултетот (линк) (Прилог 1.5.Г). | |
| Прлиози<br>Прилог 1.5.А 2018_2021 Извештај за самоевалуација на ФДМ<br>Прилог 1.5.Б 2021_2024 Извештај за самоевалуација на ФДМ<br>Прилог 1.5.В Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација<br>Прилог 1.5.Г линк до извештајот за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија за 2018/19 до 2020/21<br>Прилог 1.5.Д линк до извештајот за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија 2021/22 до 2023/24 | |

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период Акциски план<br>Извештај од преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

| |
|---|
| Досега не е спроведена надворешна евалуација. |
| Прилози<br>/ |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Основната дејност на Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот универзитет на Европа – ФОН е наставно-образовна дејност во високото образование. Со фокус на креативноста и практичната примена на знаењата, факултетот ги подготвува студентите за успешна кариера по завршувањето на студиите на прв и втор циклус во областите на графичкиот дизајн, мултимедијата и модниот дизајн, а од 2022/23 е вклучена и студиската програма од областа за Дизајн на архитектонски простор за втор циклус. Акцент се става на следењето на современите текови во областите на дизајнот и континуирано осовременување на студиските програми според нив.<br><br>Студиските програми на прв и втор циклус се акредитирани и усогласени со сите законски прописи на РСМ. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми е регулирана согласно Законот за високо образование (Прилог 2.1.А), како и Упатствата и обрасците за поднесување и начинот за пополнување на елаборатите за акредитација на студиските програми на прв и втор циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование при Агенцијата за квалитет во високото образование (Прилог 2.1.Б).<br>Процесот на подготовка на елаборатите за нови студиски програми од сите циклуси на студии отпочнува една година пред истекот на тековните акредитации. Програмите се акредитираат редовно на пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 2.1.А Закон за високото образование (линк)<br>Прилог 2.1.Б Формулари и обрасци на Одборот за акредитација во високото образование (линк)</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија се наменети за едукација во прв и втор циклус на студии. Содржината на сите студиски програми е добро осмислена и е соодветна на областа. За секоја од програмите јасно се дефинирани целите и вештините за кои студентите се обучуваат и се усогласени со звањето кое студентот го добива по завршувањето на студиите. Студиските програми содржат задолжителни предмети кои се основни и релевантни за вештините од областа, а содржат и изборни предмети кои студентите можат да ги изберат според сопствените афинитети, вештини кои би ги примениле во нивниот професионален развој. Содржината на секој од наставните предмети е јасно дефинирана, и ги опфаќа целите, содржината, методите на учење, критериумите за оцена и оптеретувањето во часови за совладување на предметот, заедно со задолжителна и дополнителна литература. Студиските програми беа подготвени според сите услови предвидени во Законот за високо образование (член 140) и упатствата на Одборот за каредитација во високото образование при Агенцијата за квалитет во високото образование.<br>Студиските програми кои се изведуваат на Факултетот за дизајн и мултимедија, со линкови до студиска програма и</td></tr>
</table>

решение за акредитација и почеток со работа поставени на веб страната на Факултетот, се следниве:

Студиски програми акредитирани од 2022/23:
прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС):
Графички дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Моден дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС):
Графички дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Моден дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Дизајн на архитектонски простор (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС):
Графички дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Моден дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Дизајн на архитектонски простор (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)

Студиски програми акредитирани од 2017/2018:
прв циклус на академски студии:
Дизајн и мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
втор циклус на студии (*студиска програма која последен упис има академската 2021/2022)
Дизајн и мултимедија (Прилог 2.2.А – 2.2.Г))

Елаборатите дадени во Прилог 2.2.Д – 2.2.Љ се актуелните студиски програми акредитирани 2022/23, а Прилог 2.2.М и Прилог 2.2.Н се дадени Елаборатите од студиските програми акредитирани 2017/18. Елаборатите ги содржат сите предметни програми, односно силабуси.
Елаборатите ги содржат и описите на утврдените исходи од образовниот процес за секоја студиска програма одделно. Во делот на општите и специфичните дескриптори се опишани квалификациите од студиските програми општо, а во силабусите се опишани целите на секој предмет одделно.

Прилози
Прилог 2.2.А Студиска програма Дизајн и мултимедија за втор циклус студии акредитирана во 2017/18
Прилог 2.2.Б Решение за акредитација студиска програма Дизајн и мултимедија за втор циклус студии акредитирана 2017/18
Прилог 2.2.В Решение за почеток со работа на студиска програма Дизајн и мултимедија за втор циклус студии 2017/18
Прилог 2.2.Г Измена и дополнување на решенија за акредитација на студиска програма Дизајн и мултимедија втор циклус студии 2017/18
Прилог 2.2.Д Елаборат за акредитирана програма Графички дизајн прв циклус академски студии 2022
Прилог 2.2.Ѓ Елаборат за акредитирана програма Мултимедија прв циклус академски студии 2022
Прилог 2.2.Е Елаборат за акредитирана програма Моден дизајн прв циклус академски студии 2022
Прилог 2.2.Ж Елаборат за акредитирана програма Графички дизајн втор циклус стручни студии 2022
Прилог 2.2.З Елаборат за акредитирана програма Мултимедија втор циклус стручни студии 2022
Прилог 2.2.Ѕ Елаборат за акредитирана програма Моден дизајн втор циклус стручни студии 2022
Прилог 2.2.И Елаборат за акредитирана програма Дизајн на архитектонски простор втор циклус стручни студии 2022
Прилог 2.2.Ј Елаборат за акредитирана програма Графички дизајн втор циклус академски студии 2022
Прилог 2.2.К Елаборат за акредитирана програма Мултимедија втор циклус академски студии 2022
Прилог 2.2.Л Елаборат за акредитирана програма Моден дизајн втор циклус академски студии 2022
Прилог 2.2.Љ Елаборат за акредитирана програма Дизајн на архитектонски простор втор циклус академски студии 2022
Прилог 2.2.М Елаборат за акредитирана програма Дизајн и мултимедија за прв циклус академски студии 2017
Прилог 2.2.Н Елаборат за акредитирана програма Дизајн и мултимедија за втор циклус на студии 2017

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

| |
|---|
| Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија овозможуваат изведување на современа и квалитетна настава со примарна цел: образување на кадри кои покажуваат познавања, професионалниот и експертиза во дизајнерските дисциплини. Студиските програми ги следат развојните потреби на општеството и економијата и се во согласност со програмите на светските универзитети од областа на дизајнот.<br>Студиските програми го опфаќаат практичното делување, при што се земени предвид најновите трендови и потреби во креативната индустрија. Програмите се позиционираат со теоретска основа која се надградува со апликативни, практични решенија. Во текот на наставата, по сите стручно-уметнички предмети се продуцираат комплетни дизајн решенија на дадени теми, кои се изложуваат на крајот на академската година во форма на завршна Студентска изложба, како и на онлајн изложбата поставена на: www.auefondesign.com . Постигнувањата од образовниот процес се видливи и релевантни.<br>Во рамките на Факултетот за дизајн и мултимедија основан е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми (Прилог 2.3.А). Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста даде позитивно мислење за подобноста на студиските програми кои беа акредитирани 2022 година. (Прилог 2.3.Б) |
| Прилози:<br>Прилог 2.3.А Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста на Факултетот за дизајн и мултимедија<br>Прилог 2.3.Б Мислења на Одборот за соработка и доверба со јавноста за акредитација на студиските програми во 2022<br>Прилог 2.3.В Онлајн изложба на студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија (линк) |

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

| |
|---|
| Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот универзитет на Европа – ФОН е посветен на постојано унапредување на своите студиски програми за прв и втор циклус, во согласност со современите трендови, технолошки иновации и барањата на пазарот на трудот. Студиските програми се развиваат и ревидираат со цел да се обезбеди образование кое е релевантно, практично и применливо во реалниот свет.<br>При процесот на (ре)акредитација на студиските програми, наставниот кадар прави анализа и осовременување на наставните содржини и компетенциите што студентите ги стекнуваат. Важен аспект на овој процес е вклучувањето на студентите, кои преку директна комуникација со наставниот кадар и анкетните прашања, даваат вредни предлози за подобрување на наставата. Нивната повратна информација помага во прилагодување на програмите кон нивните потреби и очекувања, но и кон динамичните промени во дизајн индустријата.<br>Факултетот има развиено комуникациска мрежа со релевантни компании, институции и индивидуи, што овозможува студентите да се вклучат во практични проекти, стажирање и натпревари. Оваа соработка овозможува интеграција на најновите технологии и методологии во наставата, а Факултетот и студентите развиваат и одржуваат континуитет со актуелните трендови и градат мрежа на професионални контакти. Со ваквиот пристап, факултетот создава средина која поттикнува креативност, иновации и критичко размислување.<br>Конкретни примери од овие практики: соработката со Активноста на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, петгодишна иницијатива имплементирана од Унапредување на економиите за посилни заедници, во партнерство со Младински образовен форум и Центар за претприемништво и развој на менаџери (CEED Hub) Скопје (линк линк линк линк), Моден викенд Скопје (линк линк), изложба Професори+студенти (линк линк), конкурси (линк линк) итн. |
| Прилози<br>Прилог 2.4.А Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста на Факултетот за дизајн и мултимедија |

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Факултетот за дизајн и мултимедија континуирано работи на усовршување и модернизација на своите студиски програми, водејќи се од најдобрите практики на реномирани универзитети во светот. Целта е да се обезбеди образование кое ќе одговара на современите барања на пазарот и ќе ги подготви студентите за успешна професионална кариера во областа на дизајнот и мултимедијата.
При креирањето на наставните програми, особено внимание се посветува на нивната споредливост со слични програми на европските високообразовни институции. Ова осигурува дека студентите добиваат квалитетно образование кое е конкурентно и признато на меѓународно ниво. Исто така, акредитираните студиски програми редовно се ревидираат за да останат усогласени со најновите технолошки и креативни трендови.
Студиските програми се детално опишани во елаборатите приложени во Прилог 2.2.Д – 2.2.Ђ. Основната и дополнителна литература за секој предмет се наведени во истите. Во елаборатите на студиските програми, во поглавјето 18, се наведени и слични програми од европските високообразовни институции. Наведени се:
Студиска програма Графички дизајн прв циклус академски студии: Факултетот за применети уметности во Белград (Србија), Кралската академија за уметност во Хаг (Холандија) и Европскиот институт за дизајн во Барселона (Шпанија).
Студиска програма Мултимедија прв циклус академски студии: Европскиот институт за дизајн во Барселона (Шпанија), Факултетот за применети уметности во Белград (Србија) и Универзитетот на уметностите во Филаделфија (САД).
Студиска програма Моден дизајн прв циклус академски студии: Кралската академија за уметност во Хаг (Холандија), Европскиот институт за дизајн во Барселона (Шпанија) и Факултетот за применети уметности во Белград (Србија)
Студиска програма Графички дизајн втор циклус стручни студии: Академиа Италиана (Италија), ЛИСАА Париз (Франција) и Универзитет во Загреб, Студии за дизајн на Архитектонскиот факултет (Хрватска).
Студиска програма Мултимедија втор циклус стручни студии: ЛИСАА Париз (Франција), Академијата за ликовна уметност и дизајн на Универзитетот во Љубљана (Словенија) и Колеџот за уметност и дизајн во Савана (САД)
Студиска програма Моден дизајн втор циклус стручни студии: Академиа Италиана (Италија), ЛИСАА Школа за дизајн во Париз (Франција) и Колеџот за уметност и дизајн во Савана (САД).
Студиска програма Дизајн на архитектонски простор втор циклус стручни студии: Accademia Italiana (Италија), Универзитет ПОЛИС во Тирана (Албанија) и Факултет за применети уметности, Белрад (Србија)
Студиска програма Графички дизајн втор циклус академски студии: Факултетот за применети уметности во Белград (Србија), Школата за визуелни и изведувачки уметности Кембриџ (Велика Британија) и Академиа Италиана (Италија).
Студиска програма Мултимедија втор циклус академски студии: Факултетот за применети уметности во Белград (Србија), Школата за визуелни и изведувачки уметности Кембриџ (Велика Британија) и Академиа Италиана (Италија).
Студиска програма Моден дизајн втор циклус академски студии: Факултетот за применети уметности во Белград (Србија), Школата за визуелни и изведувачки уметности Кембриџ (Велика Британија) и Академиа Италиана (Италија).
Студиска програма Дизајн на архитектонски простор втор циклус академски студии: Florence Design Academy (Италија), City University in Birmingham (ОК) и Факултет за применети уметности, Белрад (Србија**)**
На Факултетот се организираат и гостински предавања од домашни и странски експерти, со цел да се прошират видиците за искуствата од областа на применетите уметности и креативните индустрии. Листата на гостински предавања на домашни и странски експерти организирани на Факултетот за дизајн и мултимедија АУЕ - ФОН во периодот од 2019 до 2014 е даден во Прилог 2.5.А.

Прилози
Прилог 2.5.А Листа на гостински предавања на домашни и странски експерти организирани на Факултетот за дизајн и мултимедија АУЕ - ФОН во периодот од 2019 до 2014
Прилозите 2.2.Д - 2.2.Ђ ги содржат Елаборатите за акредитираните студиски програми со деталните предметни програми (силабуси) со приказ на основна и дополнителна литратура

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија обезбедуваат оптимално академско оптоварување на студентите, притоа оставајќи простор за нивна надградба и учество во активности кои се изведуваат надвор од установата. Овој пристап им овозможува на студентите да се вклучат во разни креативни настани, со што се надградуваат нивните практични вештини и професионални искуства.

Наставните програми се внимателно структурирани согласно ЕКТС-системот, со цел да обезбедат рамнотежа помеѓу теоретската настава, практичната работа, тимските проекти и самостојните задачи. Очекуваното оптоварување на студентите е прикажано поединечно за секој предмет во Елаборатите за студиските програми кои се дадени во индикатор 2.2 - Прилог 2.2.Д – 2.2.Љ. На пример, за предмет кој носи 6 ЕКТС, оптоварувањето на студентите е 180 часа, распределени на 30 часа предавања, 30 часа вежби, 60 часа самостојни задачи и 60 часа домашно учење/задачи.

Вежбите и задачите кои студентите ги изработуваат се практични и апликативни, со што студентите работат на реални проекти и развиваат портфолио. Резултатите, односно практичните дизајн решенија јавно се прикажуваат на годишната студентска изложба и на онлајн годишната студентска изложба (Прилог 2.6.А).

Факултетот има воспоставен систем за изведување на пракса кој овозможува студентите да стекнат применливо искуство во компании кај што изведуваат креативни решенија. Праксата е задолжителна секоја академска година. Пред започнувањето на праксата студентот добива документ за упатување на пракса, кој по завршувањето на праксата го доставува до Факултетот и кој е заверен од страна на компанијата, со потпис и печат. Документите се чуваат во досието на студентот. Овој систем осигурува дека нивните активности се вреднувани и признати како суштински дел од нивното образование. Процедурата за изведување на студентска пракса е уредена во Упатството за остварување на практична настава дадено во Прилог 2.6.Б.

Дополнително, на Факултетот за дизајн и мултимедија се реализира и практична настава и активности кои се одвиваат надвор од установата, како посета на изложби со презентација и разговор со авторите или куратор, и студиски екскурзии во странство со посета на музеи, дизајн компании и времени галериски поставки. (Прилог 2.6.В)

Прилози

Елаборати на студиските програми се дадени во индикаторот 2.2 - Прилог 2.2.Д – 2.2.Љ.

Прилог 2.6.А Онлајн студентска изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија

Прилог 2.6.Б Упатството за остварување на практична настава (линк)

Прилог 2.6.В Практична настава и активности на ФДМ кои се одвиваат надвор од установата

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

Информациите поврзани со студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија се објавени на веб страната на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, на страната за Факултетот за дизајн и мултимедија. Сите информации се во согласност со официјалните документи за акредитација на студиските програми.

Прилози::

Прилог 2.7 Линк до интернет страната на Факултетот за дизајн и мултимедија - линк

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Студиските програми на прв и втор циклус на студии на Факутетот за дизајн и мултимедија, се следат и се ревидираат при нова акредитација, која според Законот за високо образование се врши на секои пет години. Ова е со цел студиските програми континуирано да се подобруваат и да бидат релевантни и актуелни за потребите на креативните индустрии. Информациите за ревидираните или нови студиските програми навремено се објавуваат на веб страната со што сите засегнати страни се информираат редовно. (Прилог 2.8.А)

Во последните пет години, студиските програми се ревидирани. Осовременување на програмата беше извршена и при акредитацијата во 2017, и потоа во 2022. Главната измена при последната акредитација е поделба на областите и проширување на бројот и областите на изборните предмети, кои студентот може да ги избере според сопствените интереси. Исто така се воведени и нови наставни предмети кои го следат и поддржуваат развојот на областа на интерес во дизајнот со цел стекнување на потребните вештини и знаења (пр. UX/UI дизајн, Дизајн за социјални медиуми, Корпоративен идентитет, Техники на кроење и шиење итн).

Акредитирани се и нови студиски програми за кои имаше индикација дека се потребни, а тоа се студиските програми за Дизајн на архитектонски простор за втор циклус на студии.

Наставата се спроведува редовно согласно утврдениот распоред на часови кој се објавува на веб страната Прилог 2.8.Б (линк). Воведено е и софтверско решение во професорскиот портал кај што секој предметен наставник доставува извештај за одржаната настава.

Наставата се евалуира и преку спроведување на анкетни прашалници за секој предмет одделно во текот на последните недели на секој семестар (зимски и летен). Резултатите се обработуваат и се информира секој професор поединечно со цел унапредување на наставниот процес. Резултатите од спроведените анкети се дадени во Прилог 2.8.В – 2.8.Ѓ.

Прилози

Прилог 2.8.А Веб страница на Факултетот за дизајн и мултимедија (линк)

Прилог 2.8.Б Линк до Распореди АУЕ - ФОН

Прилог 2.8.В Резултати од студентска анкета зимски семестар 2022/23

Прилог 2.8.Г Резултати од студентска анкета летен семестар 2022/23

Прилог 2.8.Д Резултати од студентска анкета зимски семестар 2023/24

Прилог 2.8.Ѓ Резултати од студентска анкета летен семестар 2023/24

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
|---|---|

На Факултетот за дизајн и мултимедија се реализирале следниов број на предмети на прв и втор циклус студии (вкупно задолжителни и изборни): 2019/2020 - 95; 2020/21 - 94; 2021/22 - 101; 2022/23 - 117; 2023/24 - 113.
По циклуси статистиката е следнава:
прв циклус: 2019/2020 - 63; 2020/21 - 63; 2021/22 - 68; 2022/23 - 76; 2023/24 – 70.
втор циклус стручни: 2022/23 - 21; 2023/24 – 21
втор циклус академски: 2022/23 - 20; 2023/24 – 20
Втор циклус студиска програма Дизајн и мултимедија (уписи до 2021/22): 2019/2020 - 32; 2020/21 - 31; 2021/22 – 33.
Предвид треба да се земе дека до академската 2021/22 студиите се организирани според акредитираните програми од 2017/18 за прв и втор циклус: Дизајн и мултимедија. Во академската 2022/23, на прв циклус студии, првата година е организирана според акредитираните студиски програми од 2022/23, односно: Графички дизајн, Мултимедија и Моден дизајн, додека втора, трета и четврта година ги продолжуваат студиите според претходната акредитација. Во академската 2023/24, прва и втора година се според акредитацијата од 2022, додека трета и четврта се според акредитацијата од 2017. Во академските години 2022/23 и 2023/24 на втор циклус стручни и академски студии, наставата е исклучиво по акредитациите од 2022, на студиските програми: Графички дизајн, Мултимедија, Моден дизајн и Дизајн на архитектонски простор.
Во Прилог 2.9.А е дадена детална листа на сите предмети за студиските години од 2019/20 до 2023/24.

Број на студенти запишани во прва година на прв циклус на студии на Факултетот за дизајн и мултимедија во изминатите пет години: 2019/2020 - 69; 2020/21 - 80; 2021/22 - 41; 2022/23 - 70; 2023/24 - 63.
Упис на втор циклус стручни: 2022/23 - 4; 2023/24 – 5, и статистика за упис на втор циклус академски студии: 2022/23 - 5; 2023/24 - 6. Бројот на упис на втор циклус студиска програма Дизајн и мултимедија (уписи до 2021/22) е 2019/2020 – 14; 2020/21 – 7; 2021/22 – 5.
Во Прилог 2.9.Б е дадена Табела за број на уписи на Факултетот за дизајн и мултимедија од 2019/20 до 2023/24

Просечните оцени на Факултетот за дизајн и мултимедија биле:
прв циклус на студии: 2019/2020 – 8,78; 2020/21 – 8,97; 2021/22 – 8,67; 2022/23 – 8,90; 2023/24 – 8,73.
втор циклус на студии: 2019/2020 – 9,56; 2020/21 – 8,93; 2021/22 – 9,08; 2022/23 – 9,41; 2023/24 – 9,56.
Просечни оцени по предмет за сите циклуси на Факултетот за дизајн и мултимедија од 2019/20 до 2023/24 се дадени во Прилог 2.9.В

Бројот на испишани студенти е: 2019 - 1; 2020 - /; 2021 - 5; 2022 - 17; 2023 – 4; 2024 – 4, односно вкупно 31 во последните пет години, а за причините или не се наведени, или најчесто се јавува иселување или лични причини. Листата на испишани студенти на Факултетот за дизајн и мултимедија 2019/20 до 2023/24 е дадена во Прилог 2.9.Г

При анализа на статистичките податоци на Факултетот за дизајн и мултимедија може да се утврди дека работата на Факултетот во последните пет години е стабилна, без големи осцилации.

Прилози
Прилог 2.9.А Листа на предмети на Факултетот за дизајн и мултимедија за студиските години од 2019/20 до 2023/24.
Прилог 2.9.Б Табела за број на уписи на Факултетот за дизајн и мултимедија од 2019/20 до 2023/24
Прилог 2.9.В Просечни оцени по предмет за сите циклуси на Факултетот за дизајн и мултимедија од 2019/20 до 2023/24
Прилог 2.9.Г Листа на испишани студенти на Факултетот за дизајн и мултимедија 2019/20 до 2023/24

Стандард 3

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.</td><td>Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за дизајн и мултимедија применува наставни механизми што ги мотивираат студентите да бидат активни учесници во процесот на учење, преку континуирано учество во наставата со изработка на проектни задачи и практична работа. Наставните програми се структурирани така што студентите се вклучени во процеси што одговараат на реалните предизвици во областа на дизајнот и мултимедијата, при што се постигнува оптимален баланс на практична примена на теоретската основа.<br>Структура на наставата и механизми за учење: во рамките на наставните програми, студентите се вклучени во различни категории на активности, како што се: практична работа и вежби (работа на проекти, студии на случај, симулации) и нивни презентации и дебати (изложби, групни дискусии, креативни работилници).<br>Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, член 55 (Прилог 3.1.А) е наведено дека оценувањето на студентите се спроведува континуирано во текот на наставно-научниот процес, и се полага усмено, писмено и/или практично. Ова овозможува студентите да бидат активно вклучени во процесот на учење преку работа на практични задачи и активности и оценувањето се базира и на индивидуалниот напредок на студентите и нивниот придонес во процесот на учење. Континуираната евалуација на оценувањето опфаќа: редовност на настава и активност на вежби, континуирана изработка на задачи и практична работа, јавни презентации и учество во дискусии.<br>Овој пристап им овозможува на студентите да ја разберат важноста на активната партиципација и самостојното истражување во процесот на учење. Покрај тоа, факултетот спроведува студентски анкети со цел континуирано подобрување на квалитетот на наставата.<br>Преку овие механизми, Факултетот за дизајн и мултимедија им нуди на студентите јасна структура на образовниот процес, стимулирајќи интерактивно учење, развој на креативни способности и подготовка за идните професионални предизвици.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 3.1.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН</td></tr>
<tr><td>3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.</td><td>Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.</td></tr>
</table>

Наставниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија е обликуван според современите педагошки методи кои се применуваат на уметничките/дизајнерските високообразовни институции во светот. Овозможена е флексибилност и адаптибилност според различните потреби на студентите. Наставата се реализира преку предавања, вежби, консултации, домашни задачи, индивидуални и тимски проекти, настава надвор од просториите на факултетот (Прилог 3.2.А), како и преку вклучување на практична работа во реални проекти (Прилог 3.2.Б). Овој пристап овозможува студентите да стекнат балансирано знаење, комбинирајќи теорија и пракса, со акцент на критичко размислување и креативно решавање на проблеми.

Практичниот аспект на наставата е доминантен на сите студиски програми, при што стекнувањето на вештини е во прв план. По секој наставен предмет, наставникот ја изложува теоретската основа по која студентите ги изработуваат практичните задачи (Прилог 3.2.В). Откако ќе ги сработат студентите ги презентираат и изложуваат во работна или завршна фаза, по што се дискутира за постигнувањата и предизвиците со кои се соочил секој студент индивидуално. Дискусијата придонесува да се пристапи кон секој студент индивидуално, но и групно да се воочат различните добри резултати или такви кај кои е потребно подобрување и корекција, па секоја презентација е и форма на учење во форма на студија на случај. Се дискутираат идејните и визуелните аспекти, но и техничките (пр. начин на изведба на некоја идеја во дадена компјутерска програма, или техничка изведба во материјал).

На факултетот наставата се одвива во посебни дедицирани простории опремени за дизајн едукација, како: ликовно ателје, компјутерски лаборатории, модно ателје и предавална. Ковид пандемијата наметна потреба за реорганизација на наставниот процес и методологија. Факултетот за дизајн и мултимедија (и целосно АУЕ ФОН), многу брзо и успешно одговори на предизвикот, со префрлање и адаптација на наставата на дигиталната платформа Teams. Овој пристап се покажа како успешен во некои од наставните предмети, бидејќи директно ги подготвува студентите за работа на светските платформи за фриленс дизајн. Поради тоа, оваа пракса за користење на платформата Teams за следење на видео предавања во живо, учество во дискусии, споделување на информации, материјали итн, продолжи да се користи и при нормализирање на процесот на наставата, па наставата за некои предмети, паралелно се одвива и со физичко присуство и се споделува, во живо на платформата за студентите кои се спречени да се физички присутни.

Во согласност со потребите на студентите, наставниот кадар има флексибилни термини за консултации, во живо или дигитално на е-пошта или Teams платформата, овозможувајќи им на студентите поголема автономија во организирањето на своите обврски. Ова е особено значајно за студентите на втор циклус на студии за кои ваквата флексибилност е неопходна доколку се вработени.

Овој динамичен и иновативен пристап во наставата гарантира дека студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија ќе стекнат знаења, вештини и искуства кои ќе ги подготват за успешен професионален развој во модерниот свет на дизајнот и дигиталните медиуми.

Прилози

Прилог 3.2.А Практична настава и активности на ФДМ кои се одвиваат надвор од установата

Прилог 3.2.Б Активности на студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија, иницирани и поддржани од Факултетот (изложби, конкурси и награди) 2019 – 2024

Прилог 3.2.В Онлајн студентска изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Наставата на Факултетот за дизајн и мултимедија е ориентирана кон студентот и го негува индивидуалниот потенцијал на секој студент, развивајќи ги вештините потребни за професионално делување на пазарот. Ова овозможува континуирано подобрување на квалитетот на наставата и приспособување кон потребите на студентите и развојот на современите дизајн трендови.

Природата на областа природно наложува наставата во голем дел да се базира на анализа на студии на случај, во делот на предавањата, но и во делот на индивидуалните задачи кои студентите ги работат континуирано во текот на семестарот, по даден предмет.

Интердисциплинарноста е поткрепена со различните области кои се обработуваат, а кои имаат големо влијание на создавањето на дизајнот (од ликовен/визуелен аспект, преку техничките/дигитални алатки, преку психолошкото делување на креирањето на дизајн решението, и историскиот, социјален и економски контекст на создавање на

| |
|---|
| едно дизајн дело). Но исто така во програмата која е акредитирана во 2022, вметнати се изборни предмети од други области, а кои можат да се предмет на интерес на студентот, како: Книжевност и визуелна уметност, Интермедијалност и семиотика, Трговско право (како подготовка за оние кои сакаат да се бават со претприемништво), Политичка партиципација (оние кои сакаат партиципативно да делуваат на општеството преку дизајнот), Адвертајзинг (изучување на пристапот во рекламирањето од аспект на економските науки) итн.<br>Во рамките на студиските програми, студентите имаат можност да учествуваат во различни апликативни проекти, кои не само што ги надградуваат нивните технички и креативни вештини, туку и ги учат на тимска работа и комуникација. Факултетот преку соработка со партнери и институции, им овозможува на студентите директен ангажман во професионални проекти и можност за стекнување практично искуство уште за време на студиите. Ваков пример се проектите кои се изведени од страна на студентите Прилог 3.3.А<br>Во наставата се предвидени и се изведува теренска настава, односно посета на релевантни институции или фирми кои се бават со специфична дејност, која е во интерес на наставниот предмет или студиската програма (Прилог 3.3.Б)<br>Трансформација на образовниот процес и адаптација на методите на настава од времето на пандемијата со префрлање на дигиталната платформа Microsoft Teams, овозможи одржување на континуитетот во образовниот процес, а се покажа и како дополнително корисен за одредени предмети бидејќи студентите стекнуваат вештини применливи при користење на глобалните фриленс дизајн платформи. Денес, кај некои предмети наставата се реализира истовремено со физичко присуство и преку онлајн пренос, што овозможува вклученост на студентите кои не можат да бидат физички присутни, и во исто време ги зајакнува нивните комуникациски вештини во дигиталното доба.<br>Подобрувањето на наставните методи преку анализи, самоевалуација и корекција на програмите се зема предвид при секоја следна акредитација. Истите се адаптираат и според потребите на растечката креативна индустрија што ја прави наставата на Факултетот за дизајн и мултимедија современа, динамична и високо применлива во реалниот свет. |
| Прилози<br>Прилог 3.3.А Проекти на кои учествувале студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија 2019_2024<br>Прилог 3.3.Б Практична настава и активности на ФДМ кои се одвиваат надвор од установата |

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Процесот на оценување на Факултетот за дизајн и мултимедија е повеќеслоен и структуриран според природата на областа која се обработува. Оценувањето се спроведува континуирано во текот на наставниот процес и покрај оцената на знаењето и вештините кои ги стекнал студентот по даден предмет, се валоризираат редовноста во наставата и активност на вежби, континуирана изработка на задачи и практична работа. Континуираното оценување го зема предвид и индивидуалниот напредок на студентот во образовниот процес. Оценувањето на знаењата и вештините се спроведува преку колоквиуми или завршен испит. Процентуалната/бодовната распределеност на оценувањето е дефинирано за секој предмет посебно во Елаборатите за акредитација на програмите. (Прилог 2.2.Д – 2.2.Љ)<br>Оценувањето на знаењата и вештините е прилагодено на целите на предметот и во најголем процент на наставните предмети е преку апликативни решенија во кои се применети теоретските основи, или комбинација на презентација на апликативните решенија со теоретски прашања. Дел од апликативните решенија се дел и од завршната изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија (линк) | |
| Прилози:<br>Елаборати за секоја студиска програма се даден во стандард 2, индикатор 2.2, Прилог 2.2.Д – 2.2.Љ.<br>Прилог 3.4.А Онлајн студентска изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија | |

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Статутот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (член 232 и 233), Правилникот за условите, кретиеријумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (член 50-60), како и Правилникот за полагање испити и оценување испити во кои се наведени критериумите и методите за вреднување и оценување се објавени на веб страната на Унверизтетот. Актите содржат и детални информации за пријавување и изведување на испитите, испитни рокови, јавност на испитот, процедурата за поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување итн..

Воедно, начините на вреднување на знаењето се посебно наведени и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно (Прилог 2.2.Д – 2.2.Љ).. Дополнително, на почетокот на семестарот, наставниците со студентите споделуваат информативни обрасци за наставниот предмет преку платформата Teams, во дедицираниот канал на предметот. (Прилог 3.5.Д)

Прилози
Прилог 3.5.А Статут на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (член 232 и 233) линк
Прилог 3.5.Б Правилник за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (член 50-60) линк
Прилог 3.5.В Правилник за полагање испити и оценување на испити линк
Прилог 3.5.Г Елаборати за секоја студиска програма се даден во стандард 2, индикатор 2.2, Прилог 2.2.Д – 2.2.Љ.
Прилог 3.5.Д Примерок од информативниот образец за наставниот предмет кој се споделува со студентите на почетокот на семестарот

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Оценувањето на студентите е континуирано и е согласно целите на наставната програма на предметот. Вештините и квалификациите кои ги совладал студентот се бодуваат доследно и праведно. Студентите имаат јасен увид за сегментите кои ја сочинуваат крајната збирна оценка. Резултатите од спроведените колоквиуми и испити редовно се внесуваат во електронскиот индекс со што се достапни за студентите. Се почитува правилото резултатите да се впишуваат најкасно 5 дена од одржувањето на испитот, според правилникот за полагање испити и оценување испити (Прилог3.6.А) Студентите имаат право на увид и приговор за резултатите од оценувањето.
Просечните оцени по предмет за сите студиски програми се поставени во Прилог 3.6.Б

Прилози
Прилог 3.6.А Правилник за полагање испити и оценување на испити (линк)
Прилог 3.6.Б Просечни оцени по предмет за сите циклуси на Факултетот за дизајн и мултимедија од 2019/20 до 2023/24

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

На Факултетот за дизајн и мултимедија се воспоставени јасни, транспарентни и ефикасни процедури за поднесување жалби, пријава на незаконито постапување и пријавување корупција. Овие процедури се во согласност со релевантните законски и универзитетски акти и се достапни за сите студенти и вработени.
За пријава на корупција, на веб-страницата на АУЕ ФОН е достапна апликација: Пријави корупција за спречување на корупција во високото образование преку ефективна антикорупциска стратегија. Секоја пријава е анонимна, а

| |
|---|
| личните податоци се заштитени (линк). Оваа алатка обезбедува лесен и безбеден начин студентите и вработените да пријават неправилности, при што се гарантира анонимноста на подносителот.<br>Универзитетот има назначено лице за борба против корупција (Прилог 3.7.А) кое е задолжено за прием, обработка и следење на сите пријави. Сите поднесени пријави се обработуваат во дефинирани рокови, со што се обезбедува правичност и транспарентност во постапката. Постапката за поднесување на жалби вклучувајќи и пријава за корупција ги следи процедурите и постапката за жалба и пријавување на корупција од Законот за заштита на укажувачите (Прилог 3.7.Г). Информациите се јавно достапни на веб страната на Универзитетот Прилог 3.7.В (линк)<br>Факултетот исто така има отворена политика за постапување по секоја усна жалба или пријава доставена по електронски пат до било кој член на наставниот кадар. За секој допрен глас се преземаат сите процедури кои се законски достапни со цел да обезбедат највисоки стандарди на академски интегритет и правичност.<br>Етичкиот кодекс на Универзитетот (Прилог 3.7.Д) е јавно достапен на веб-страницата.<br>Во последните години нема поднесени жалби вклучувајќи и пријави за корупција. |
| Прилози<br>Прилог 3.7.А Одлука за лице назначено за борба против корупција<br>Прилог 3.7.Б Линк за пријава на жалба (линк)<br>Прилог 3.7.В Информации за овластено лице за пријави на корупција и процедура, линк: Пријави корупција<br>Прилог 3.7.Г Закон за заштита на укажувачите (линк)<br>Прилог 3.7.Д Етички кодекс (линк) |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот универзитет на Европа – ФОН го уредува процесот на запишување, студирање, напредување за време на студиите, преминување меѓу студиски програми, продолжување или прекин на студиите, како и завршувањето на студиите и диплома на прв и втор циклус студии со Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (прочистен текст).<br>Правилникот содржи јасни критериуми и е јавно објавен на веб-страницата на Универзитетот (Прилог 4.1.А)<br>Студентите навремено се информираат за термините за заверка на семестар, колоквиумски и испитни сесии преку веб страната, но и преку дедициран Вибер канал и социјалните медиуми (линк). Годишниот академски календар навремено се објавува на веб страницата на Универзитетот, како и распоредите за настава и колоквиумските, односно испитни сесии (линк). | |
| Прилози<br>Прилог 4.1.А Правилник за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)<br>Прилог 4.1.Б Линк до веб страната со соопштенија (линк)<br>Прилог 4.1.В Линк до распореди (линк) | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Факултетот за дизајн и мултимедија ги собира и следи информациите за секој студент согласно Законот за високо образование (Прилог 4.2.А) и Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (Прилог 4.2.Б). Високообразовната установа води Матична книга на запишани студенти и Главна книга на дипломирани студенти според Правилникот за | |

| | |
|---|---|
| формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти (Прилог 4.2.В). Студентската служба води досие за секој студент, кои се чуваат во материјална и електронска форма според Правилник за водење евиденции на високото образование (Прилог 4.2.Г). Во употреба е дигитална апликација за студентски (Прилог 4.2.Д) и професорски портал (Прилог 4.2.Ѓ) на Универзитетот во која се води евиденција за уписот и се внесуваат резултатите од колоквиумите и испитите. Службата за студентски работи има увид во податоците, а професорите и студентите имаат пристап до информациите навремено. | |
| Прилози<br>Прилог 4.2.А Закон за високо образование (линк)<br>Прилог 4.2.Б Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)<br>Прилог 4.2.В Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти (линк)<br>Прилог 4.2.Г Правилникот за водење евиденции во високото образование (линк)<br>Прилог 4.2.Д Линк до студентскиот портал (линк)<br>Прилог 4.2.Ѓ Линк до професорски портал (линк) | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| Во Правилникот за европски кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитет и од една во друга вискообразовна установа (Прилог 4.3.А), како и Правилникот за условите, кретиериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (член 40 – 42а) (Прилог 4.3.Б) детално е уредена постапката за признавање на периодите на студирање и претходно учење.<br>Надлежна за процесот е Комисијата за признавање на испити која постапува по претходно доставено барање на студентот, заедно со оригинално Уверение за положени испити. Комисијата доставува записник за признавање на испити, а правната служба изработува Решение за признавање на испити. Целосната документација се внесува и чува во досието на студентот.<br>Прилог 4.3.Б ги содржи листа на студенти на кои им е признато претходното учење (трансфери и реактивации). | |
| Прилози<br>Прилог 4.3.А Правилникот за европски кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитет и од една во друга вискообразовна установа (линк)<br>Прилог 4.3.Б Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на први и втор циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк)<br>Прилог 4.3.В Листа на студенти на кои им е признаено претходно учење за последните 5 години | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. На завршените студенти се доделува диплома и уверение, а на барање се изготвува и додаток на диплома. Структурата е во согласност со Законот за високо образование (член 155) (Прилог 4.4.А) и Правилникот за содржината содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи за секој посебен документ. (Прилог 4.4.Б) | |
| Прилози<br>Прилог 4.4.А Закон за високо образование (линк)<br>Прилог 4.4.Б Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (линк) | |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Факултетот за дизајн и мултимедија врши наставна дејност со високо квалификуван наставен кадар во согласност со утврдените академски стандарди. Најголем процент од наставниот кадар кој ја спроведува наставата на студиските програми опфаќа редовно вработени лица избрани во наставно-научни звања по стручно уметнички предмети и кои се членови на Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија. За некои од изборните предмети е ангажиран наставен кадар од други единици од универзитетот и надворешно ангажирани наставници. Вкупниот број на наставници ангажирани на сите студиски програми на Факултетот за дизајн и мултимедија изнесува:

2019/20 - 23, од кои 4 редовни професори, 9 вонредни професори, 1 насловен вонреден професор, 6 доценти, 1 виши лектори и 2лектори. Од нив 12 се доктори на науки, а 11 магистри.

2020/21 - 19, од кои 2 редовни професори, 6 вонредни професори, 1 насловен вонреден професор, 8 доценти, 1 насловен доцент и 1 лектор. Од нив 9 се доктори на науки, 10 магистри.

2021/22 - 21, од кои 5 редовни професори, 4 вонредни професори, 1 насловен вонреден професор, 1 научен соработник, 8 доценти, 1 насловен доцент и 1 виш лектор. Од нив 11 се доктори на науки, 10 магистри.

2022/23 - 22, од кои 7 редовни професори, 1 научен советник, 5 вонредни професори, 6 доценти, 3 виши лектори. Од нив 8 се доктори на науки, 14 магистри.

2023/24 - 19, од кои 6 редовни професори, 1 научен советник, 4 вонредни професори, 6 доценти, 2 виши лектори. Од нив 8 се доктори на науки, 11 магистри.

Кадарот на Факултетот за дизајн и мултимедија е искусен и компетентен во соодветната област, и активно реализира уметнички, дизајнерски и апликативни проекти и активности.

Прилози

Прилог 5.1.А Биографии, одлуки и линк до билтен од рецензентски извештај на наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија во Еуропас формат

Прилог 5.1.Б Преглед на предмети реализирани на Факултетот за дизајн и мултимедија во изминатите пет години за сите студиски програми

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии одн. научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија според класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области Фраскатиева класификација (Прилог 5.1.А) спаѓаат во научното подрачје Хуманистички науки (6), научно поле Ликовна уметност (607) и научната, стручна или уметничка област Друго (60712) со дадена соодветна спецификација на областа, што е еквивалент на научното подрачје Хуманистички науки (6), научно поле Уметности (6.04), научна област Применета уметност и дизајн (6.04.00.02) според Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) кое стапи на сила на 19.04.2024 (Прилог 5.1.Б). Во Законот за високо образование, член 167, (Прилог 5.1.В) стои: за избор во наставно-научни звања по стручно уметнички предмети, може да биде избрано лице без научен степен доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.

Земајќи го тоа во предвид, наставниот кадар избран во наставно научно звање по стручно уметнички предмети,

изведува уметничка и апликативна дејност. Овие активности се главен услов за вреднување при постапката за избор во звање според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа ФОН член 10, во кој се јасно наведени критериумите со кои се оценува уметничката и апликативна дејност.
Во Прилог 5.2.Д се наведени релевантните уметнички и апликативни дела и трудови кои наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија АУЕ- ФОН ги прикажал/објавил од 2019 до 2024
Се констатира дека кадарот е исклучително плоден и активен во уметничкото и дизајн делувањето, секој во различна област, а кои одговараат со предметните единици кои ги предаваат на студиските програми.

Прилози

Прилог 5.2.А Фраскатиева класификација
Прилог 5.2.Б Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области)
Прилог 5.2.В Закон за високо образование (линк)
Прилог 5.2.Г Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа ФОН (линк)
Прилог 5.2.Д Релевантни уметнички и апликативни дела и трудови кои наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија на АУЕ-ФОН ги прикажал/објавил од 2019 до 2024

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[4];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија е балансирано распределен по наставните предмети кои се изведуваат на првиот и вториот циклус на студии. Оптоварувањето е во согласност со Законот за високо образование при што не се надминуваат 4 предмети по семестар, по циклус. Предметите се распределени според областите на стручност на наставниот кадар, а бројот на одржани часови е соодветен на бројот на часови утврден во Елаборатите на студиските програми. Наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија избран во наставно научни звања по стручно уметнички предмети ги одржува и вежбите по распределените предмети, што е неопходно поради природата на областа, задржувањето на континуитетот во наставата и следењето на индивидуалниот напредок на студентите. Од таа причина бројот на часови кои кадарот ги реализира во текот на неделата ги надминува утврдените нормативи. Во делот на наставата од втор циклус студии, поради малиот број запишани студенти и високиот процент на запишани студенти кои се вработени, наставата се реализира менторски. Табела на предметите кои наставниот кадар ги предавал во сите циклуси на студии, со број на часови во последните пет години е даден во Прилог 5.3.А.
Во Прилозите 5.3.Б до 5.3.Ѓ се дадени одлуките на ННУС за распределба на предмети во последните пет години.
Прилог 5.3.Е содржи М1/М2 документи како доказ за најмалку 10 вработени лица во наставно научно звање на Факултетот (членови на ННУС).

Прилози
Прилог 5.3.А Табела на предметите кои наставниот кадар ги предавал во сите циклуси на студии, со број на часови во последните пет години
Прилог 5.3.Б Одлука на ННУС за распределба на предмети за 2023/24
Прилог 5.3.В Одлука на ННУС за распределба на предмети за 2022/23
Прилог 5.3.Г Одлука на ННУС за распределба на предмети за 2021/22
Прилог 5.3.Д Одлука на ННУС за распределба на предмети за 2020/21
Прилог 5.3.Ѓ Одлука на ННУС за распределба на предмети за 2019/20
Прилог 5.3.Е Листа на наставен кадар со линк до М1/М2 документи

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Факултетот за дизајн и мултимедија постапува јасно, транспарентно и праведно во процесот за вработување. Вработувањето е резултат на постапката за избор во наставно научно звање, кое е во согласност со Законот за високо образование (Прилог 5.4.А) и Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, даден во Прилог 5.4.Б. Критериумите за избор во наставно научни звања од областа на стручно уметнички предмети на Факултетот за дизајн и мултимедија се детално уредени во Правилникот за избор во звања, член 10, каде се наведени релевантните уметнички и апликативни постигнувања кои се вреднуваат при изборот.

Процесот започнува со утврдување на потребата за ангажман на наставно научен кадар со дефинирање на областа според Фраскатиевата класификација, односно Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) кое стапи на сила на 19.04.2024, дадени во Прилог5.4.В и Прилог 5.4.Г, од страна на Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија. Потоа следи објавување на јавен конкурс во дневниот печат, при што конкурсот трае 8 дена. По истекот на овој рок ННУС формира рецензентска комисија од три члена кои се избрани во исто или повисоко звање од кандидатите, при што најмалку двајца од членовите се избрани во соодветната област, а еден член може да биде избран и во сродна област. Рецензентската комисија поднесува Извештај со предлог за избор на кандидат, а ННУС одлучува по дадениот предлог. При избор во редовен професор Сенатот гласа за потврдување на изборот.

Во последните пет години, на Факултетот се избрани 3 редовни професори, 3 вонредни професори и 3 доценти, како и 1 насловен вонреден професор и 2 насловни доценти. Во прилог 5.4.Д е даден Преглед на лица избрани во наставно научни звања во последните пет години на Факултетот за дизајн и мултимедија заедно со линковите до Билтенот во кој се објавени рецензиите за избор.

Линковите до одлуки за избор и билтен во кои се објавени рецензиите за избор на наставниот кадар членови на ННУС на ФДМ се дадени во Прилог 5.4.Ѓ.

Прилози

Прилог 5.4.А Закон за високо образование (линк)

Прилог 5.4.Б Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа ФОН (линк)

Прилог 5.4.В Фраскатиева класификација

Прилог 5.4.Г Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области)

Прилог 5.4.Д Преглед на лица избрани во наставно научни звања во последните пет години на Факултетот за дизајн и мултимедија

Прилог 5.4.Ѓ Линкови до одлуки за избор и билтен во кои се објавени рецензиите за избор на наставниот кадар членови на ННУС на ФДМ

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Објектот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, во чии простории се одвива целокупната дејност на Факултетот за дизајн и мултимедија е лоциран на бул. Киро Глигоров бр 5, во Скопје. Просторот е доволен за обавување на дејноста.

Вкупната површина на сопствен простор во (предавални, службен простор, библиотеки, лаборатории, информатичка опрема) ги задоволуваат потребите за изведување на настава и реализација на другите активности на универзитетот. Вкупниот простор на универзитетот наменет за изведување наставна дејност опфаќа површина од 4427,3 м2, односно: 12 предавлни и амфитеатри со вкупна површина од 1155,4м2; 4 лаборатории со вкупна површина од 394 м2, читална и библиотека 132 м2; 17 кабинети за вработениот наставен кадар 694,9 м2; 2 простории за работа на органите и телата на АУЕ-ФОН универзитет со површина од 274м2; 5 канцеларии и простории за ненаставен кадар 201 м2; 1 просторија за работа на студентско собрание со површина од 63 м2 и 2 други заеднички и повеќенаменски простории, сали за состаноци 606,3 м2 итн. (Прилог 5.5.А)

Наставниот кадар има оптимални услови за работа. Канцелариите на наставниот кадар се просторни и современо уредени. Фактот дека канцелариите ги кораистат поголем број на професори, со што се надминува нормативот за број на професори по дадени звања во една канцеларија, се надминува со флексибилното време за користење на канцелариите. Препорака е да се разгледа можноста за понатамошно постапување по оваа точка.

Факултетот за дизајн и мултимедија го користи овој простор заедно со останатите единици во состав на АУЕ-ФОН. Во целиот објект има пристап на интеренет преку слободен Wi-Fi, а овозможено е и WLAN приклучување на сопствени компјутери на студентите, на информатичка мрежа во зградата, во лабораториите – 50 позиции. Сите предавални и амфитеатри се опремени со клупи и места за седење, ЛЦД проектори, десктоп компјутери, звучници, веб камери и табли. За потребите на Факултетот се опремени и две посебни лаборатории за работа на студентите: ликовно ателје и модно ателје, кои се соодветно опремени со клупи и табли за цртање, гипсани модели, машини за шиење, моделарски кукли и маси итн. (Прилог 5.5.Б). Постои иницијатива за опрема на уште две лаборатории, едната за графички техники со печатарска преса и втората за фотографија.

Во текот на 2022 година набавени се девет преносни компјутери за целиот Универзитет.

Според последниот увид на ниво на Универзитетот за наставниот кадар и администрацијата има 64 PC компјутери, и 46 компјутери во лабораториите за работа на студентите, 6 DELL сервери, 26 проектори за презентации и 22 принтери за администрација. Функционалноста на информатичката опрема е предизвик, поради користењето на истата од многу корисници и можноста за внесување на вируси во системите. Дополнителен предизвик е честото ангажирање и заминување на лицето задолжено за одржување на ИТ опремата (за одредени активности се ангажираат надворешни лица). Препорака е да се најде соодветен пристап кон решавање на овој проблем. Сепак, може да се констатира дека ова не влијае на наставниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија, бидејќи исклучително висок процент од студентите, во наставата користат сопствени преносни компјутери.

Прилози

Прилог 5.5.А Список на простории со површина со кои располага АУЕ-ФОН

Прилог 5.5.Б Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење високобразовна дејност на АУЕ - ФОН

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институтуции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Земајќи предвид дека научното усовршување на наставниците опфаќа мобилност на академскиот кадар за спроведување настава како и студиски престој во странство заради научно усовршување, во рамките на Еразмус + програмата за размена/ мобилност на наставен кадар учествувале:

- Во 2022 година 1 професор на training на University of Economics – Varna во Варна во период од 13.06.2022 до 17.06.2022
- Во 2022 година 1 професор на training на University of Nish во Ниш во период од 01.08.2022 до 5.08.2022

- Во 2024 година 1 професор на training на Higher Institute of Insurance and Finance (VUZF) во Софија во период од 1.7.2024 до 5.7.2024

Во периодот на известување се спроведени обуки и тренинзи за различни целни групи на академската заедница на АУЕ ФОН и тоа:

- **Тренинг за вработените на АУЕ - ФОН за подобрување на менталното здравје,** Предавач - Дафина Кирби, лиценциран тренер за трансформациски живот и тренер за здравје на мозокот, која живее и работи во Лондон. Кирби во текот на своето интерактивно предавање/обука објасни и сподели многу различни алатки и техники кои вработените можат да ги користат со цел да за заменат негативното размислување со позитивно, 2022 .
- Работилница на тема „**Важноста на принципите за интегритет, чесност и одговорност**", во рамки на кампањата "Зависи од мене и тебе", на која гостин беше заменикот на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење г-ѓа Славица Грковска. 27 Октомври 2023, 12ч во предавалната 402, наменета за целоата академска заедница на АУЕ ФОН. Работилницата опфати 20 студенти и 10 академски и административен кадар на АУЕ ФОН

Наставниот кадар во целост поседува технички вештини за изведување на наставните програми, како и за водење на сите административни процеси врзани со наставата.

Прилози

Прилог 5.6.А Листа на остварена мобилност на наставниот кадар на Факултетот за дизајн и мултимедија од 2019 до 2024

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Факултетот за дизајн и мултимедија континуирано организира гостински предавања на афирмирани уметници и стручњаци од практиката. Се посветува внимание на разноликоста на профилот на стручност на гостинските предавачи, и иако најчесто предавањата се врзани со конкретен предмет, присуството е отворено за сите студенти од сите студиски години. Во периодот од 2019 до 2024, реализирани се гостинските предавања дадени во Прилог 5.7.А.

Прилози

Прилог 5.7.А Гостински предавања организирани на Факултетот за дизајн и мултимедија во периодот од 2019 до 2024

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Факултетот за дизајн и мултимедија остварува наставна дејност по програми кои се акредитираани во областа на применетата уметност, а наставниот кадар е избран во наставно-научни звања од стручно уметничките предмети. Со тоа активностите на кадарот се насочени кон остварување на стручна и апликативна работа во областа на уметноста и дизајнот, соодветни на областите во кои се избрани. Ова е неопходно со цел одржување на континуитет, релевантност, следење на развојот во областите и зајакнување на поврзаноста со наставата.

Стручно апликативната работа на кадарот, за последните пет години е дадена во Прилог 5.8.А.

Исто така, кадарот е посветен на стручно апликативната дејност на студентите за учества на конкурси, проекти и изложби, преку организација, поттикнување и менторирање. Во последните пет години, остварено е учество на студентите на 6 проекти, 8 конкурси и 11 изложби. Студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија на државните конкурси имаат остварено значајни резултати, меѓу кои и 7 награди. Во Прилог 5.8.Б е дадена листата на учества на студентите и се наведени наградените студенти во периодот од последните пет години, а Прилог 5.8.В содржи Листа на проекти во кои учествувале студентите на ФДМ од 2019 до 2024.

Прилози

Прилог 5.8.А Листа на стручно апликативна работа на кадарот на Факултетот за дизајн и мултимедија

Прилог 5.8.Б Листа на учества на конкурси, изложби и проекти и наградени студенти на Факултетот за дизајн и мултимедија

Прилог 5.8.В Листа на проекти во кои учествувале студентите на ФДМ од 2019 до 2024

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

| | |
|---|---|
| Покрај опременоста на амфитеатрите и предавалните со ЛЦД проектори со кои на наставниот кадар им се овозможува да може да одржат настава применувајќи ги новите информатички технологии (споделување на презентации и видео презентации), АУЕ-ФОН располага и со пет интерактивни табли кои овозможуваат напредна информатичка технологија која придонесува кон динамично и ажурно спроведување на наставниот процес за студентите.<br>Системот на Microsoft Office 365 кој е пристапен за студентите како и за наставниот кадар придонесува полесно да може да бидат споделени потребните наставни материјали и на тој начин побрзо достапни за студентите.<br>Од 2020 година, започна активно користење на апликацијата Microsoft teams (линк) која се користи до денес. На апликацијата се креираат групи за настава со дедицирани канали по засебните предмети. За поголем дел од предметите, наставата која се одвива во просториите на Универзитетот се споделува во живо и во каналите на Microsoft Teams. На тој начин се овозможува студентите кои од одредена причина се спречени да се на настава, истата да ја следат непречено. Апликацијата Microsoft Teams се користи и за лесно споделување на разни презентации, видеа, материјали и за директна комуникација со студентите. | |
| Прилози<br>Прилог 5.9 Линк до апликацијата Microsoft teams (линк) | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| На Американскиот Универзитет на Европа-ФОН, согласно донесениот Етички кодекс, според член 35, морално е неприфатливо секој вид на плагијат на идеја или дело. (Прилог 5.10.А)<br>На АУЕ-ФОН се користи системот за проверка на плагијати кој е креиран од Министерството за образование и наука (Прилог 5.10.Б). Овој систем овозможува лесно и ефикасно откривање на трудови што претставуваат плагијати на веќе објавени, оценувани или презентирани трудови. Системот се користи за проверка на автентичноста на дипломски и магистерски трудови на студентите од сите студиски програми на Факултетот за дизајн и мултимедија при АУЕ-ФОН, чиј извештај се документира во досието на секој студент.<br>Во рамките на Факултетот за дизајн и мултимедија функционира и дисциплинска комисија, со одлука на Наставно научниот и уметнички совет (Прилог 5.10.В). Во извештајниот период до дисциплинската комисија не се поднесени пријави. | |
| Прилози<br>Прилог 5.10.А Етички кодекс на Универзитетот (линк)<br>Прилог 5.10.Б Систем за плагијати (линк)<br>Прилог 5.10.В Одлука за дисциплинска комисија на Факултетот за дизајн и мултимедија | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Вреднувањето на стручно апликативната дејност на кадарот на Факултетот за дизајн и мултимедија е јасно дефинирана во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, член 10 (Прилог 5.11.А). Преку наведените услови јасно се посочува на формите на уметнички и апликативни остварувања кои се релевантни, и служат како индикатори за стручно апликативната дејност:<br>- јавно изложување на уметнички/дизајн дела и проекти на самостојни изложби и манифестации (самостојна изложба, модна ревија, аудио-визуелно дело, сценско-музичко дело, телевизиски проект и промоција);<br>- јавно изложување на уметнички/дизајн дела и проекти на групни изложби и манифестации;<br>- реализација на уметничко/дизајн дело или проект (реализација на идеен проект е авторско или коавторско дело во уметничка или дизајн област реализиран во производство, материјал, објект или локација);<br>- учество или водење на уметнички или дизајн курсеви, проекти, семинари или тематски работилници во земјата и во странство;<br>- учество на домашни и меѓународни конкурси за уметнички/дизајн дела или проекти (индивидуално или на повик);<br>- учество во работата на жири комисии на домашни или странски изложби, конкурси и манифестации;<br>- награди и признанија за уметничко/дизајн дело или проект во земјата или во странство;<br>- објавени уметнички, дизајн, теоретски или наставни дела во земјата и странство (книги, стручна периодика).<br>Сите избори во научно наставни звања за стручно уметнички предмети на Факултетот за дизајн и мултимедија се спроведени според овој правилик, па исполнетоста на истите се смета за утврдена. | |
| Прилози<br>Прилог 5.11.А Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа – ФОН (линк) | |

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |
| Кадарот на Факултетот за дизајн и мултимедија јавно ја презентира стручно апликативната работа. Активно учествува во национални и меѓународни изложби и проекти, прикажано во Прилог 5.12. Тоа укажува дека стручно апликативната дејност на кадарот кореспондира со локалните, регионалните и националните развојни цели. | |
| Прилози<br>Прилог 5.12 Листа на стручно апликативна работа на кадарот на Факултетот за дизајн и мултимедија | |

Стандард 6

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.</td><td>Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа )</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за дизајн и мултимедија нема посебна сметка, туку функционира во рамките на Американскиот универзитет на Европа – ФОН. АУЕ - ФОН ги почитува сите прописи во поглед на финансиското и сметководственото работење. Приходите на универзитетот се во функција на реализација на наставните содржини и активности на универзитетот. Финансиските извештаи за последните пет години се дадени во прилозите: Прилог 6.1.А до Прилог 6.1.Д.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.1.А Финансиски извештаи 2020<br>Прилог 6.1.Б Финансиски извештаи 2021<br>Прилог 6.1.В Финансиски извештаи 2022<br>Прилог 6.1.Г Финансиски извештаи 2023<br>Прилог 6.1.Д Финансиски извештаи 2024</td></tr>
<tr><td>6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.</td><td>Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупната површина на сопствен простор во (предавални, службен простор, библиотеки, лаборатории, информатичка опрема) се соодветни за потребите за изведување на настава и реализација на другите активности на универзитетот. Вкупниот простор на универзитетот наменет за изведување наставна и истражувачка дејност опфаќа површина 4427,3 м2, односно: 12 предавлни и амфитеатри со вкупна површина од 1155,4м2; 4 лаборатории со вкупна површина од 394 м2, читална и библиотека 132 м2; 17 кабинети за вработениот наставен кадар 694,9 м2; 2 простории за работа на органите и телата на АУЕ-ФОН универзитет со површина од 274м2; 5 канцеларии и простории за ненаставен кадар 201 м2; 1 просторија за работа на студентско собрание со површина од 63 м2 и 2 други заеднички и повеќенаменски простории, сали за состаноци 606,3 м2 итн. (Прилог 6.2.А)<br>Факултетот за дизајн и мултимедија го користи овој простор заедно со останатите едниници во состав на АУЕ-ФОН. Во целиот објект има пристап на интеренет преку слободен Wi-Fi, а овозможено е и WLAN приклучување на сопствени компјутери на студентите, на информатичка мрежа во зградата, во лаборатории – 50 позиции. Сите предавални и амфитеатри се опремени со клупи и места за седење, ЛЦД проектори, десктоп компјутери, звучници, веб камери и табли. За потребите на Факултетот се опремени и две посебни лаборатории за работа на студентите: ликовно ателје и модно ателје, кои се соодветно опремени со клупи и табли за цртање, гипсани модели, машини за шиење, моделарски кукли и маси итн. (Прилог 6.2.Б). Постои иницијатива за опрема на уште две лаборатории, едната за графички техники со печатарска преса и втората за фотографија.<br>Во текот на 2022 година набавени се девет преносни компјутери за целиот Универзитет.<br>Според последниот увид на ниво на Универзитетот има 46 компјутери во лабораториите за работа на студентите, 6 DELL сервери, 26 проектори за презентации. Функционалноста на информатичката опрема е предизвик, поради користењето на истата од многу корисници и можноста за внесување на вируси во системите. Дополнителен предизвик е честото ангажирање па заминување на лицето задолжено за одржување на ИТ опремата (за одредени активности се ангажираат надворешни лица). Препорака е да се најде</td></tr>
</table>

соодветен пристап кон решавање на овој проблем. Сепак, може да се констатира дека ова не влијае на наставниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија, бидејќи исклучително висок процент од студентите, во наставата користат сопствени преносни компјутери.
Студентите од Факултетот за дизајн и мултимедија при АУЕ-ФОН универзитет имаат на располагање универзитетска библиотека со читална, опремена со стручна литература, научни книги и учебници прибрани од формирањето на Универзитетот до денес. Постои и онлајн програм за читање на електронски книги соодветни за студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија.
Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси на АУЕ-ФОН универзитет. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Учењето на далечина (во вонредни услови, како што беше состојбата на COVID 19), се спроведуваше главно преку електронската платформа Microsoft Teams (линк) (Прилог 6.2.Г) со која се остварува двонасочна комуникација помеѓу наставниците и студентите, а истата продолжи да се користи и понатаму по нормализација на условите. Преку оваа платформа, студентите имаат можност да ги следат предавањата во живо и доколку не се физички присутни на факултетот. Имаат и пристап до материјалите за учење по одделните студиски предмети, а платформата се користи и реализирање на дополнителни студиски активности (домашни задачи, проекти, и слично).
Напомена - во периодот од летниот семестар од академската 2019/2020 до 2021/2022 година, како резултат на пандемијата предизвикана од Ковид-19 кризата, наставата на факултетот се спроведуваше на далечина со користење Microsoft Teams платформата. Дополнително, во истиот период, реализацијата на испитните сесии, односно полагањето на колоквиумите и испитите, исто така се спроведуваше со помош на споменатата платформа.
Наставниот кадар и студентите на факултетот ја користат и електронската платформа студентско електронско досие која служи како студентски сервис. Конкретно, студентите преку сопственото електронско досие пријавуваат испити, имаат преглед на пријавените и положените испити и слично. Прилог 6.2.Д Линк до студентски портал и Прилог 6.2.Ѓ Линк до професорски портал.
Инклузивноста е основен постулат на кој се темели работењето на Факултетот за дизајн и мултимедија, а и на Американскиот универзитет на Европа – ФОН во целост. Лицата со посебни потреби имаат пристап во просториите на Универзитетот.

Прилози
Прилог 6.2.А Список на простории со површина со кои располага АУЕ-ФОН
Прилог 6.2.Б Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење високообразовна дејност на АУЕ - ФОН наменети за студентите
Прилог 6.2.В Microsoft Teams (линк)
Прилог 6.2.Г Линк до студентски портал (линк)
Прилог 6.2.Д Линк до професорски портал (линк)

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Во својата работа службите на универзитетот ги земаат предвид потребите на различната студентска популација. Со цел подобра и поефикасна комуникација универзитетските служби остваруваат електронска комуникација со студените на нивно барање преку службената електронска пошта но, и за општа комуникација преку Студентскиот портал и веб страната на Универзитетот, како и телефонска и вибер комуникација. (линк).

Бројот на вработени во помошните и административните служби се движи во рамките на усвоениот Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места (Прилог 6.3.Б) и согласно на тоа се вршат нови вработувања на позициите каде за тоа има потреба. Актуелната состојба по однос на бројот на вработени овозможува нормално функционирање на институцијата. Помошниот и административниот кадар има можност за развој на личните компетенции. Приказот на бројот на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби е прикажан во Прилог 6.3.В.

Помошниот и административниот кадар има можност за развој на личните компетенции на сопствена иницијатива, но и да учествува во обуките кои Универзитетот ги организира за своите вработени. Во периодот на известување се спроведени обуки и тренинзи за вработените на АУЕ ФОН и тоа:

Тренинг за вработените на АУЕ - ФОН за подобрување на менталното здравје, Предавач - Дафина Кирби, лиценциран тренер за трансформациски живот и тренер за здравје на мозокот, која живее и работи во Лондон. Кирби во текот на своето интерактивно предавање/обука објасни и сподели многу различни алатки и техники кои вработените можат да ги користат со цел да за заменат негативното размислување со позитивно, 2022. Работилница на тема . „Важноста на принципите за интегритет, чесност и одговорност", во рамки на кампањата "Зависи од мене и тебе", предавач г-ѓа Славица Грковска, 27 Октомври 2023, 12ч во предавалната 402.

Обуките кои се организираат се за сите од наставниот и административниот кадар на универзитетот. Известувањето за овие настани е нотирано и во Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот (Прилог 6.3.Г).

Прилози

Прилог 6.3.А Список на контакти објавен на веб страната на универзитетот (линк)

Прилог 6.3.Б Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места (линк)

Прилог 6.3.В Збирен преглед на ненаставен/административен кадар

Прилог 6.3.Г Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија биле ангажирани за 3 стручно уметнички проекти на Активноста на USAID North Macedonia за млади кои активно создаваат можности, имплементирана од организацијата IESC во партнерство со Младински образовен форум - МОФ / Youth Educational Forum -YEF и CEED Hub Skopje.

јуни 2023: Проект за креирање и исцртување на мурали во канцелариите на Активноста на USAID North Macedonia за млади кои активно создаваат можности, студенти: Андријана Антова, Ана Марија Мишачкоска, Иван Неделковски, Теодор Петровски, Матеа Грнчароска, под менторство на проф. м-р Милош Милосављевиќ и проф. д-р Марија Ветероска. Линк до резултатите

ноември 2023:, дизајн на виртуелни ликови за потребите на Проектот за младински аспирации за кариера и вештини студенти: Теодор Петровски и Елена Ордевска, под менторство на проф. м-р. Антонио Арангеловиќ; Линк до резултатите

август 2024: креирање и исцртување на мурали и интерактивни игри во дворот, новообоена табла, македонската азбука во Младинскиот центар „СУМНАЛ" во Скопје, студенти: Теодор Петровски, Магдалена Добревска, Стефан Христовски, Стефан Лесански, Леонора Голова и Теа Николовска, под менторство на професорите Милош Милосављевиќ и Марија Ветероска; Линк до резултатите

| | |
|---|---|
| Прилози<br>Прилог 6.4.А Стручно уметнички проекти на кои учествувале студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија АУЕ – ФОН | |
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Со намера да се постигнат стратешките цели, Центарот за кариера и алумни ги врши следниве задачи односно ги нуди следните услуги:

(1) поврзува различни целни групи и нуди помош во советување за професионален развој на студентите, алумни заедницата, како и поврзување на работодавачите со академската заедница, заради развивање на нивните вештини и стратегии за полесно вклучување на пазарот на трудот;
(2) им помага на студентите при добивање на информации за нивно кариерно планирање, професионална обука и помош за разбирање на реалниот сектор;
(3) ги охрабрува студентите да носат одлуки во врска со нивните планови за развој на кариерата;
(4) ги стимулира студентите да ги развијат своите знаења и вештини за барање работа, подобрување на нивните комуникациски и презентациски вештини и останати стручни квалификации;
(5) на студентите им обезбедува можност за практиканска работа и мобилност во деловната заедница, чија основна цел е збогатување и унапредување на нивните практична знаења и вештини;
(6) остварува врски со алумни заедницата, со државни и приватни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации и други домашни и меѓународни субјекти кои обезбедуваат можности за развој на професионални компетенции, интеграција и имплементација на академските знаења во реална работна средина и создавање на контакти и истражување на идните можности за работа и развој на кариерата, и
(7) соработува со средните училиште во Република Северна Македонија, со цел запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје.

Во насока на реализација на поставените цели и задачи, во периодот од септември 2021 година до јуни 2024 година, Центарот за кариера и алумни ги спроведе следните активности:

(1) обезбедување на практикантска работа и мобилност на студентите во низа државни институции, компании од деловниот сектор и организации од невладиниот сектор, меѓу кои: КАРИЕРА.мк, Халкбанк АД, Скопје, А1 Македонија Дооел, Скопје, АЛДА - Европска асоцијација за локална демократија, СОС Детско Село, ФИНЕ ДОО Скопје, Шпаркасе Банка, Кроациа Осигурување – Живот АД, USAID – IESC, Стопанска Банка АД – Скопје, ЕВН Македонија, Даути Комерц АД, Lexion Group LLC…
(2) креирање, водење и ажурирање на База на податоци за студенти и База на податоци за алумни
(3) остварување соработки и комуникацијата со алумни заедницата, со државни и приватни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, трговски друштва и стопански комори, како други домашни и меѓународни субјекти
(4) организација на Отворен ден на Американскиот универзитет на Европа – ФОН и Кариерен ден и соработка со средните училиште во Република Северна Македонија преку промовирање на универзитетот и запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје во просториите на скоро сите средни училишта во Република Северна Македонија
(5) организација на годишен Саем за кариера и алумни на која учество земаат голем број институции, компании и невалдини организации
(6) учество на Саем за образование со цел промоција на универзитетот и запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје
(7) кариерно советување и грижа за професионалниот развој и кариера на студентите и алумни на АУЕ-ФОН
(8) склучување на Меморандуми на соработка со голем број владини и невладини институции и организации

Прилози
Прилог 6.5.А Регистрација на алумни (линк до веб)

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Центарот за кариера и алумни на Американскиот универзитет на Европа – ФОН ги опфаќа сите факултети при Универзитетот, соодветно и Факултетот за дизајн и мултимедија. Центарот за кариера и алумни креира електронска База на податоци за студенти и База на податоци за алумни, наменети за студенти на универзитетот од сите факултети и студиски програми и циклуси и алумни (поранешни студенти), чии што податоци ги користи исклучиво за целите и активностите на Центарот.
Активната веб платформа на Центарот за кариера и алумни, каде можат да се најдат сите релевантни информации околу основањето, работата, активностите, како и Регистрацијата во двете Бази на податоци, е достапна на https://aue.mk/content.aspx?cid=456
Контактите со алумни заедницата се одржуваат на лично ниво од страна на кадарот на Факултетот за дизајн и мултимедија. Се констатира дека регистрацијата на завршените студенти во алумни заедницата треба да се зголеми и поттикне.

Прилози
6.6 А Веб страница на Центарот за кариера и алумни Центарот за кариера и алумни (линк до веб)

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Прашањето за учеството на студентите во управувањето е регулирано во Статутот на Универзитетот, член 223- 231. (Прилог 6.7.А)
Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија – АУЕ-ФОН земаат учество во управувањето на Факултетот, односно преку свои претставници учествуваат во работата на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот (Прилог 6.7.Г). Студентите имаат свои претставници и во факултетски комисии. Така, во Дисциплинската комисија 1 член е од редот на студентите, во Комисијата за самоевалуација 2 членови се од редот на студентите. Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира Универзитетското студентското собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.
Функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик
Факултетското студентско собрание при Факултетот за дизајн и мултимедија – АУЕ-ФОН е собрание на претставници на студентите од прв и втор циклус на студии. Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор. Универзитетското студентско собрание покрај Претседателот се состои и од вкупно 5 членови, и тоа по 1 член од редот на студентите од сите факултети на АУЕ-ФОН универзитет.
Универзитетското студенстко собрание се залага за заштита на правата на студентите, нивно застапување и овозможување на подобра врска меѓу студентите и факултетот. Начинот на работа, изборот на претставници и нивниот број, составот, надлежноста, називот и седиштето, органите и телата, Акт во кој е регулирано прашањето за учество на студентите во управувањето. - Статут на АУЕ-ФОН Универзитет (член 223-231).
Во Пприлог 6.7.Д е дадена Одлуката за распишување на избори за факултетско собрание при Факултетот за дизајн и мултимедија од 2023, а во Прилог 6.7.Ѓ е Извештајот за спроведените избори за членови на студентско собрание на Факултетот за дизајн и мултимедија 2023.
Во рамките на УСС се организираат повеќе интерни активности, во кои можат активно да учествуваат сите студенти. Универзитетското студентско собрание учествува во организација на повеќе хуманитарни акции. Дополнително, за потребите на функционирањето на Собранието и реализација на предвидените активности, факултетот става на располагање на членовите на собранието и други универзитетски простории. Активностите на Студентското собрание се објавуваат на инстаграм профилот на УСС АУЕ – ФОН. (Прилог 6.7.Е)

Прилози
Прилог 6.7.А Статут на Американскиот универзитет на Европа - ФОН: (линк)
Прилог 6.7.Б Вклучување на студентски претставник во Ректорска управа
Прилог 6.7.В Вклучување на студентски претставник во Сенатот на АУЕ-ФОН
Прилог 6.7.Г Вклучување на студентски претставници во органите и телата на Универзитетот
Прилог 6.7.Д Одлука за распишување на избори за факултетско собрание при Факултетот за дизајн и мултимедија од 2023
Прилог 6.7.Ѓ Извештај за спроведените избори за членови на студентско собрание на Факултетот за дизајн и мултимедија 2023
Прилог 6.7.Е Инстаграм профил на УСС АУЕ-ФОН (линк)

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Водени од потребите на новите генерации и начините на кои тие ги следат информациите Американскиот универзитет на Европа - ФОН има детална веб страна https://aue.mk/ на која се наоѓаат сите информации кои се од интерес за студентите и пошироката јавност (факултети, студиски програми, наставен кадар, правила на студирање и сл.)
Земајќи ги предвид навиките на новите генерации и начините на кои тие доаѓаат до информации Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Скопје е активен на социјалните мрежи. Преку facebook и instagram профилот се врши промоција на факултетите, наставните програми и случувања и се комуницира со заинтересираните лица за студирање на некоја од студиските програми на универзитетот.

Прилози
Прилог 6.8.А https://aue.mk/
Прилог 6.8.Б **https://www.instagram.com/aue_fon?igsh=Y2k3dWlzem0zOHFo**
Прилог 6.8.В **https://www.facebook.com/share/1F47YaSd43/?mibextid=wwXIfr**

Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1.Факултетот константно собира, анализира и користи имформации кои му се потребни за целосно и успешно имплементирање на студиските програми и сите останати активности во рамките на неговото делување.<br>Информациите ефикасно се внесуваат и обработуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Факултетот за дизајн и мултимедија во рамките на Универзитетот редовно собира и анализира информации релевантни за реализација на студиските програми и активностите поврзани со студентите користејќи го електронскиот систем достапен на страната Е-Сервиси.<br>Електронскиот систем е развиен од страна на Универзитетот со цел прибирање, водење и користење на сите потребни податоци релевантни за студентите и студиските програми, како и увид на самите студенти во нивното студентско досие. Факултетот за дизајн и мултимедија како дел од Универзитетот го користи овој систем, кој овозможува електронско прибирање, следење и анализа на податоци кои се однесуваат на број на запишани студенти, реализирани семестри, слушани и положени испити, постигнат успех на студентот, како и магистрирани студенти. Дополнително, во однос на бројот на запишани и дипломирани студенти се водат и матични книги за запишани и дипломирани студенти.<br>Истовремено, постои и поврзан електронски систем - студентски портал, преку кој студентите можат да се информираат околу испитите, нивното полагање, пријавување, како и да вршат евиденција на успехот. Дополнително професорите го користат професорскиот портал преку кој ги внесуваат оценките за колоквиуми и испити, како и евиденциите за настава.<br>Преку анализата на овие податоци факултетот креира развојните цели и го унапредува квалитетот на активностите. | |
| Прилози<br>Прилог 7.1. А Е-Сервиси (линк)<br>Прилог 7.1. Б Студентски портал (линк)<br>Прилог 7.1. Г Професорски портал (линк) | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| Информациите кои се собираат вклучуваат: демографски профил на студентите; податоци за успехот на студентите; податоци за статусот на студентите; нивото на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; информации за образовните ресурси за студирање и поддршката кои се достапни на студентите, информации за понатамошната кариера на дипломираните студенти.<br>Во процесот на прибирање и анализа на информациите, но и на планирање на активностите кои произлегуваат од самата анализа, вклучени се не само вработените туку и студентите како активни чинители во образовниот процес. Тие активно се вклучени во давање на информации за квалитетот на наставата преку анкетата за | |

самоевалуација кој се спроведува при крај на секој семестар. Преку оваа анкета се прибираат информации кои се однесуваат на материјалите за учење, очекувањата и тежината на материјалот, квалитетот на наставата, достапноста на наставниот кадар и комуникацијата со кадарот.
Резултатите од самоевалуацијата претставуваат индикатор за повеќе аспекти релевантни за студиските програми и нивниот квалитет и се доставуваат на годишно ниво до секој од наставниците. (Прилози 7.2.Д и 7.2.Е)

Прилози
Прилог 7.2.А Е-Сервиси (линк)
Прилог 7.2.Б Студентски портал (линк)
Прилог 7.2 В Професорски портал (линк)
Прилог 7.2.Г Алумни (линк)
Прилог 7.2.Д Извештај од самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија 2021/22 до 2023/24 (линк)
Прилог 7.2.Е Извештај од самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија 2018/19 до 2020/21 (линк)

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за битните настани, активности и процеси: |

Факултетот има регистар на податоци за битните настани, активности и процеси. Деканот на Факултетот поднесува Годишен извештај за работата на Факултетот за дизајн и мултимедија во кој се сумирани сите значајни настани, активности и процеси. Во Прилозите 7.3.А до 7.3.Д се дадени Годишните декански извештаи за последните пет години.
Факултетот за дизајн и мултимедија редовно информира за претстојни и реализирани настани кои се значајни за образовниот процес.
Факултетот редовно ги објавува сите информации поврзани со значајни настани и активности на веб страната и социјалните медиуми на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (извештаи за самоевалуација, одржување на конференции и работилници, најави за склучени соработки со домашни и меѓународни институции, објавување и презентација на резултати и наоди од истражувања и проекти, меѓународна мобилност на студенти и наставен кадар, годишни извештаи и др.)
Дополнително факултетот поседува сопствен портал каде ги објавува најновите студентски изложби. Покрај тоа факултетот и универзитетот се присутни на социјалните медиуми на платформи како „Фејсбук“ каде може да се следат активностите.

Прилози
Прилог 7.3. А ФДМ Годишен декански извештај 19_20
Прилог 7.3. Б ФДМ Годишен декански извештај 20_21
Прилог 7.3. В ФДМ Годишен декански извештај 21_22
Прилог 7.3. Г ФДМ Годишен декански извештај 22_23
Прилог 7.3.Д ФДМ Годишен декански извештај 23_24
Прилог 7.3.Ѓ Соопштенија (линк)
Прилог 7.3.Е Новости (линк)
Прилог 7.3.Ж Активности на Факултетот за дизајн и мултимедија (линк)
Прилог 7.3.З Портал на реализирани студентски изложби (линк)
Прилог 7.3.Ѕ Страница на Факултетот за дизајн и мултимедија на социјалниот медиум „Фејсбук“ (линк)
Прилог 7.3.И Страница на Американскиот универзитет на Европа – ФОН на социјалниот медиум „Фејсбук“ (линк)

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на собраните информации (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Факултетот за дизајн и мултимедија, своето работење во однос на заштитата на личните податоци го врши во

| |
|---|
| согласност со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020, 294/21). Личните податоци на студентот се чуваат во нивните персонални досиеја, и пристап до истите имаат само овластени лица. |
| Прилози<br>Прилог 7.4.А Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020, 294/21) (линк) |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br><br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br><br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br><br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Факултетот за Дизајн и Мултимедија при АУЕ-ФОН редовно ги информира студентите и широката јавноста за своите активности преку универзитетските социјалните мрежи, кои служат за брзо и ефикасно споделување на информации, додека официјалната веб страна на Универзитетот нуди детални информации за сите релевантни акти на установата, студентските програми и настани. Покрај дигиталните канали, факултетот подготвува и печатени материјали, како што се флаери, плакати и брошури.

Факултетот за Дизајн и Мултимедија при АУЕ-ФОН за сите свои активности редовно известува преку следните линкови:

- Во делот ‘Факултети’ во рамките на веб страната на Универзитетот: (линк)
- Во делот ‘медиумски објави’ во рамките на веб страната на Универзитетот: (линк)
- LinkedIn: (линк)
- Facebook: (линк)
- Instagram: (линк)
- YouTube: (линк)

Исто така, Факултетот има повеќе Viber и Microsoft Teams канали преку кои ги споделуваат потребните тековни информации во процесот на работа.

Факултетот за Дизајн и Мултимедија при АУЕ-ФОН секоја година организира завршна студентска изложба на ликовни, графички и мултимедијални дела, модни креации итн, во реномирани галериски простори од јавен карактер (МКЦ, Дом на АРМ и сл) каде секој може да ја види, на дело работата на студентите, професорите и резултатите од теоретската и стручната работа. Освен тоа, изложбите се директна и транспарентна промоција на своите студиски програми и можностите за студентите, како и за поттикнување соработка во високото образование. Изложбите се објавени на офијалната веб страна AUE-FON Design (линк; Прилог 8.1.А) во дигитален формат, како и на Веб страната на Универзитетот, каде се објавуваат и екскурзии и сл. (линк; Прилог 8.1.Б. и линк; Прилог 8.1.В)

**Прилози**

Прилог 8.1.А Дигитални Студенстки Изложби на Факултетот за дизајн и Мултимедија (2020, 2021, 2022, 2023...) (линк)

| | |
|---|---|
| Прилог 8.1.Б Извештај за организирана Студентска изложба на ФДМ 2023 (линк)<br>Прилог 8.1.В Извештај за организирана едукативна студентска екскурзија во Виена 2022 (линк) | |
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Во продолжение наведени се сите линкови до сите барани елементи во индикатори:

- Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) (линк) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи (линк)

- Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно достапни на страницата на Факултетот за дизајн и мултимедија (линк)

Студиски програми акредитирани од 2022/23:
прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС):
Графички дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Моден дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС):
Графички дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Моден дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Дизајн на архитектонски простор (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС):
Графички дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Моден дизајн (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)
Дизајн на архитектонски простор (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)

Студиски програми акредитирани од 2017/2018:
прв циклус на академски студии:
Дизајн и мултимедија (решение за акредитација) (решение за почеток со работа)

- Актот за систематизација: (линк)

- Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет (линк)

- Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник:

Проф. Д-р Марија Ветероска (одлука: линк)
Проф. М-р Игор Шокаровски (одлука: линк)
Проф. М-р Милош Милосављевиќ (одлука: линк)
Проф. М-р Стефан Јакимовски (одлука: линк)
Проф. М-р Антонио Аранѓеловиќ (одлука: линк)
Проф. Д-р Марко Ружин (одлука: линк)

Проф. М-р Никола Ефтимов (одлука: линк)
Проф. Д-р Мумен Абуаркуб (одлука: линк)
Доц. М-р Марк Јанура (одлука: линк)
Доц. М-р Едона Арифи Садику (одлука: линк)
Доц. М-р Филис Ајруш (одлука: линк)

- Распоредот на работни задачи за тековната учебна година: (линк)
- Завршна сметка ( Прилог 8.2.А – 8.2 Д)
- Годишен извештај (2023/2024)

- Прифатени теми за изработка на магистерски трудови
- https://aue.mk/files/bilteni/4-2024-2025-06.03.2025.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/2-2024-2025-26.02.2025.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/5-2022-2023-15.09.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/4-2022-2023-07.03.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/3-2022-2023-12.01.2023.pdf
- https://aue.mk/files/bilteni/1-2022-2023-18.11.2022.pdf

- Акти кои ги носи единицата согласно други закони Регулатива - AUE-FON и

- Етичкиот кодекс (линк)

**Прилози**

Прилог 8.2.А Завршна сметка 2020
Прилог 8.2.Б Завршна сметка 2021
Прилог 8.2.В Завршна сметка 2022
Прилог 8.2.Г Завршна сметка 2023
Прилог 8.2.Д Завршна сметка 2024
Прилог 8.2.Ѓ Годишен извештај за работата на факултетот (линк)

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br><br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Во моментот, високообразовната установа не нуди студиски програми од трет циклус, поради што нема објавени докторски дисертации. Сепак, клучните исходи од учењето и резултатите од научноистражувачката работа се редовно објавуваат на официјалната веб-страница на установата, со цел обезбедување транспарентност и достапност на релевантните информации. Клучните исходи од учењето на Факултетот за дизајн и мултимедија се објавуваат на веб страната од Годишните студентски изложби auefondesign.com (линк)

**Прилози**
Прилог 8.3.А Годишна студентска изложба (линк)

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |

| | |
|---|---|
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Факултетот за дизајн и мултимедија при АУЕ – ФОН има дефинирани и утврдени процедури за мобилност на студенти кои се објавени и достапни на веб страната на Универзитетот. Центарот за кариера и Координаторот за меѓународна соработка и глобални иницијативи им обезбедуваат логистичка поддршка на студентите-апликанти за остварување на академска мобилност.

Студентите и вработените на Факултетот за дизајн и мултимедија имаат можност да реализираат мобилност во рамки на програмите Еразмус+. Американскиот универзитет на Европа – ФОН има склучено повеќе Еразмус билатерални договори за мобилност на студенти и наставен кадар. (Прилог 9.1.А)

Во извештајниот период не е остварена мобилност на студентите на Дизајн и мултимедија. (линк)

Прилози

Прилог 9.1.А Листа на склучени Еразмус+ билатерални договори

Прилог 9.1.Б Линк на веб до Правилникот за меѓународна размена на студенти

Прилог 9.1.В Начин на организирање на активностите за остварување на мобилност и услови за селекција на кандидати

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Меѓународната соработка претставува основа за вмрежување на Факултетот со цел поддршка во реализација на наставно-научни активности и мобилност на наставно-научниот кадар и на студентите. Оттаму, зајакнување на меѓународната соработка преку поголема интегрираност во Европскиот простор за високо образование и соработка со реномирани универзитети е еден од основните стратегиски правци на Универзитетот во чии рамки функционира и Факултетот за дизајн и мултимедија како интегрирана единка.

Реализирањето на овие активности и исполнувањето на индикаторите на полето на меѓународната соработка и интернационализација се следи редовно преку изготвување на Годишен извештај за меѓународна соработка и интернационализација од страна на координаторот за меѓународна соработка и иницијативи кој претставува интегрален дел од Годишниот извештај за работењето на Универзитетот (Прилог 9.2.А и Прилог 9.2.Б).

Во рамките на Универзитетот постои координатор за меѓународна соработка и глобални иницијативи кој е надлежен за координирање и извршување на функциите од областа на меѓународна соработка и интернационализација на сите сите факултети во рамките Универзитетот како интегрирана правна целина. (Прилог 9.2.В; Прилог 9.2.Г)

Прилози

Прилог 9.2.А Извештај на ректорот за работата на Универзитетот 01.2022-12.2023

Прилог 9.2.Б Извештај на ректорот за работата на Универзитетот 01.2024-01.2025

Прилог 9.2.В Одлука за координатор за меѓународната соработка и глобални иницијативи

Прилог 9.2.Г Извештај за меѓународната соработка и глобални иницијативи

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Финансирањето на меѓународната соработка се врши главно од средствата добиени од проектни апликации за таа намена, како што се Еразмус + и други.

Прилози
Прилог 9.3. А Приказ на средства за финансирање на меѓународната соработка во извештајот за меѓународна соработка и глобални иницијативи

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Факултетот за дизајн и мултимедија остварува соработка со бројни институции во земјава и во странство во функција на развој и осовременување на студиските програми. За таа цел, во рамки на билатералната соработка на Универзитетот, низ годините, потпишани се повеќе договори и меморандуми за соработка со повеќе универзитети. (линк)
Дополнително, Факултетот за дизајн и мултимедија постојано тежнее кон тоа да им овозможи на своите вработени активно вклучување во меѓународни активности и вмрежување (Прилог 9.4.А). Факултетот за дизајн и мултимедија се стреми кон проширување на својата Еразмус+ мрежа со склучување на нови договори, како и дополнително обновување на веќепостоечките.(Прилог 9.4.Б)
Во изминатиот период се реализираа повеќе меѓународни настани и серија активности со цел промоција на факултетот во рамките на Универзитетот и вмрежување на кадар во меѓународни рамки.

Прилози
Прилог 9.4.А Листа на номиниран наставен кадар за мобилност
Прилог 9.4.Б Листа на склучени Еразмус+ билатерални договори на ниво на Универзитет

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

АУЕ-ФОН а во негов состав и Факултетот за дизајн и мултимедија е вклучен во повеќе активности на полето на меѓународната соработка со цел вмрежување на наставно-научниот кадар и студентите и привлекување на наставници и студенти од странство. Покрај ова, Еразмус вмреженоста овозможува и дополнително вклучување на странски професори кои во рамките на одредени програми доаѓаат во Скопје на работни состаноци во врска со проектни активности, а дел од кои држат предавања за студентите на факултетот и слично. На Факултетот за дизајн и мултимедија во рамките на Erasmus + Staff Mobility програмата, беше реализирана посета на доц. д-р Јосип Бота од Катедрата за графички дизајн и сликовни информации, од Графичкиот факултет на Универзитетот во Загреб, септември 2020. Тој одржа предавање за дизајн на амбалажа и техники на штанца применети во нова дигитална платформа.
Информации за гостинските предавања на https://aue.mk/novosti.aspx
Листа на странските студенти запишани на студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија се дадени во Прилог 9.5.А.

Прилози
Прилог 9.5.А Листа на странските студенти запишани на студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

Комисија за самоевалуација на Факултетот за дизајн и мултимедија
на Американскиот универзитет на Европа – ФОН

проф. д-р Марија Ветероска – претседател

________________________________

проф. м-р Никола Ефтимов – член

________________________________

проф. м-р Антонио Аранѓеловиќ – член

________________________________

проф. д-р Марко Ружин – член

________________________________

доц. м-р Марк Јанура – член

________________________________

Грегор Пешевски – студент на ФДМ

________________________________

Анастасија Серафимовска - студент на ФДМ

________________________________

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Никола Милославлевиќ со ЕМБГ [redacted] одговорно лице во високообразовната установа Факултет за дизајн и мултимедија при Американскиот универзитет на Европа - ФОН изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Факултет за дизајн и мултимедија при Американскиот универзитет на Европа - ФОН за периодот учебна 2022/2023 и 2023/2024 се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

проф. др Никола Милославлевиќ
(име и презиме)

____________________
(своерачен потпис)